ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА

Скопје, април 2016 година

СОДРЖИНА

I. ВОВЕД 3

II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ 7
1. Број на осигуреници 7
2. Број на корисници на пензија 11
3. Корисници на најнизок износ на пензија 16
4. Корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност 17
5. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување 19
6. Учество на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ 20
III. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ 21
IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ 28
1. Приходи на Фондот 29
2. Расходи на Фондот 34
3. Финансиски резултат 39
4. Акции и удели 40
5. Наплата на заостанатите неисплатени придонеси 41
6. Информирање 42
V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ 47
1. Решавање на барања во прв степен 47
2. Извештај за работата на Одделението за норматива, следење и примена на правни прописи и за постапување по претставки 50
3. Остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување 52
4. Работа на Одделението за оцена на работната способност 54
5 . Матична евиденција 60
6. Исплата на пензии 62
7. Имотно правно работење 64
8. Органи на управување на Фондот 65
   1. Управен одбор 65
   2. Директор 67
9. Стручна служба на Фондот 68
   1. Човечки ресурси 68
   2. Работа на Отсекот за актуарство 72
   3. Работа на Одделението за внатрешна ревизија 74
   4. Буџетска контрола 77
   5. Јавни набавки 79
   6. Солидарен фонд 81
10. Информатички систем 84
11. Стопанисување со имотот на Фондот и општествен стандард на корисниците на пензија 87
VI. ЗАКЛУЧОК 91

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Пензиското и инвалидско осигурување во секоја земја  зазема значајно место во целокупниот општествен, социјален и политички живот. Вкупните економски, социјални и демографски движења во општеството влијаат на развојот на пензискиот систем на секоја земја, а неговото значење се изразува преку бројот на осигурениците кои плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување, стапката на придонес што се плаќа, бројот на корисниците на пензија и висината на пензиските примања, како и учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ.

Извештајот за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија содржи поединечни и сеопфатни податоци со образложенија и коментари за остварените резултати од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување кај нас. Во Годишниот извештај се дадени статистички податоци  за остварените права од пензиското и инвалидско осигурување, финансиски податоци за работењето на Фондот, податоци за решавање на правата од пензиското и инвалидско осигурување, матичната евиденција, општествениот стандард на корисниците на пензија и други податоци. Активностите на Фондот се многубројни и истите имаат влијание врз целата повозрасна популација во Републиката, а индиректно и врз членовите на нивните семејства.

Системот на пензиското и инвалидско осигурување во Република Македонија од 2006 година функционира како задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на меѓугенерациска солидарност (Прв столб), задолжително капитално

финансирано пензиско осигурување (Втор столб) и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (Трет столб).

Во Првиот и Вториот столб од пензискиот систем, задолжително се опфатени сите вработени по основ на работен однос и вршење на дејност по разни основи, а Третиот столб е на доброволна основа.

Во 2015 година, работите во надлежност на Фондот се извршуваа во согласнот со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Буџетот на Фондот, Програмата за работа на Управниот одбор на Фондот и Стратегискиот план на Фондот.

Во рамките на пензиското и инвалидско осигурување, својата социјална сигурност ја остваруваат 312.374 корисници на права од пензиското и инвалидско осигурување, односно 301.728 корисници на пензија, 10.536 корисници на паричен надоместок за телесно оштетување и 110 корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност, или 15,1% од вкупното население на Република Македонија во 2015 година (оценети на 2.071.870), а учеството на вкупните расходи за пензиско и инвалидско осигурување (56.789,36 милиони денари) во бруто домашниот производ (560.148,00 милиони денари) изнесува 10,1 %, додека за исплата на пензии 8,1% .

Органи на управување на Фондот се Управниот одбор и Директорот на Фондот. Според член 156 став 2 од Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ“ бр.98/2012 година), Управниот одбор на Фондот брои седум члена именувани од Владата со мандат од четири години. Од овој број, два члена се по предлог на Владата на Република Македонија и пет члена се именувани на предлог од: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Репрезентативниот синдикат член на Економско-социјалниот совет, Репрезентативното здружение на работодавачите член на Економско-социјалниот совет и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Во 2012 година согласно членот 120 од Закон за пензиското и инвалидското осигурување, стапката на придонесот која се распределува за Вториот пензиски столб изнесува 6% од основицата за плаќање на придонесот утврдена со закон, а за Првиот се распределува 12% од вкупната стапка од 18% од уплатениот придонес.

На крајот од 2015 година, бројот на осигуреници изнесуваше 558.821, додека бројот на корисниците на пензија изнесуваше 301.728 корисници (заедно со минималните земјоделски и воени корисници), или во соодносот 1,9 осигуреник на 1 пензионер.

Во 2015 година Фондот оствари вкупни приходи во износ од 57.254,51 милиони денари и вкупни расходи во износ од 56.789,36 милиони денари, односно приходи над расходи од 465,15 милиони денари.

Во 2015 година, Фондот изврши усогласување на пензиите од 5%, односно 621,00 денари во номинален износ од септември за сите пензионери кои остварија право на пензија заклучно со септември 2015 година што имаше влијание врз одржувањето на реалната вредност на пензиските примања.

Со извршеното усогласување на пензиите, просечната пензија во декември 2015 година (од работничко право) изнесуваше 13.068 денари и во однос на 2014 година (12.460) е повисока за 4,9%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии, просечната пензија во 2015 година изнесуваше 13.095 денари, а во 2014 година истата изнесуваше 12.487 денари и е зголемена за 4,9%.

Со примена на Проектот за техничка поддршка за дизајнирање на новите деловни процеси за остварување на правата и исплата на пензиите, во 2015 година значително е скратен рокот за решавање на правата од пензиското и инвалидско осигурување и исплатата на пензиите.

Фондот, во 2015 година, исплатуваше пензии на вкупно 301.728 корисници на пензија (со воени и минимални земјоделски пензии), со просечен месечен износ на расходи во износ од 3.797 милион денари во нето износ и 496 милиони денари придонес за здравствено осигурување, или заедно 4.293 милиони денари.

Во 2015 година, согласно законските прописи за продажба на акциите и уделите што ги поседува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Управниот одбор на Фондот, на предлог на Комисијата за акции и удели, донесе повеќе одлуки за реализација на продажба на акциите и уделите на Фондот со претходна согласност добиена од Владата на Република Македонија.

И во 2015 година, Фондот активно учествуваше во спроведувањето на проектот на Владата на Република Македонија за "Бањско-климатска рекреација за корисниците на пензија" и "Бесплатен туристички викенд". Поднесувањето на барањата и електронската обработка се вршеше во Фондот и истите беа доставувани до Комисијата за рангирање на поднесените барања при Министерството за труд и социјална политика. По рангирањето од страна на Комисијата, до Фондот беа доставени списоци со корисници на пензија на кои им беше одобрено користење на услугата. Стручната служба писмено и телефонски преку Кол-центарот, ги известуваше корисниците на пензија, а списоците беа објавени и на веб-страницата на Фондот. На корисниците на кои им беше одобрено бањско –климатска рекреација, Фондот им дозначуваше средства за превоз на трансакциски сметка што беа надоместени од Министерството за труд и социјална политика.

# II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

## 1. Број на осигуреници

Врз основа на матичната евиденција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија со состојба декември 2015 година, евидентирани се 93.798 обврзници и 558.821 осигуреник со задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

**Табела бр. 1:** Број на осигуреници и обврзници во декември 2015 година;

| Реден број | Филијали | Обврзници | Осигуреници |
|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 1.247 | 4.397 |
| 2 | Битола | 5.107 | 33.018 |
| 3 | Валандово | 593 | 3.233 |
| 4 | Велес | 2.812 | 14.591 |
| 5 | Виница | 721 | 5.341 |
| 6 | Гевгелија | 2.005 | 12.515 |
| 7 | Гостивар | 4.219 | 13.789 |
| 8 | Дебар | 815 | 2.981 |
| 9 | Делчево | 994 | 6.221 |
| 10 | Демир Хисар | 475 | 1.940 |
| 11 | Кавадарци | 2.430 | 18.626 |
| 12 | Кичево | 1.998 | 9.319 |
| 13 | Кочани | 2.265 | 12.180 |
| 14 | Кратово | 292 | 1.622 |
| 15 | Крива Паланка | 792 | 4.656 |
| 16 | Крушево | 582 | 1.450 |
| 17 | Куманово | 4.152 | 21.793 |
| 18 | Македонски Брод | 309 | 1.479 |
| 19 | Неготино | 1.490 | 6.246 |
| 20 | Охрид | 2.932 | 17.140 |
| 21 | Прилеп | 6.768 | 24.391 |
| 22 | Пробиштип | 549 | 3.337 |
| 23 | Радовиш | 1.702 | 5.987 |
| 24 | Ресен | 1.097 | 3.788 |
| 25 | Свети Николе | 1.270 | 4.951 |
| 26 | Струга | 2.564 | 11.394 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27 | Струмица | 5.932 | 21.953 |
| 28 | Тетово | 6.581 | 27.097 |
| 29 | Штип | 2.280 | 24.205 |
| 30 | Скопје | 28.825 | 239.181 |
| **Вкупно** | | **93.798** | **558.821** |

Од вкупно 93.798 обврзници, на територијата на град Скопје се 28.825, или 30,73%, а од вкупно 558.821 осигуреник, во Скопје се регистирани 239.181, или 42,8%.

Според податоците на Фондот, бројот на осигуреници (состојба декември 2015 година) за кои се плаќа придонес изнесува 509.844, или 91,23% од вкупниот број на осигуреници (558.821). Соодносот меѓу осигурениците кои плаќаат придонес од работничко осигурување и вкупниот број на корисници на пензија (299.640 без воени и земјоделски пензии), изнесува 1,7 вработен на еден корисник на пензија, а соодносот меѓу вкупниот број на осигуреници и корисниците на пензија изнесува 1,9 осигуреници на 1 корисник на пензија.

**Табела бр.2:** Број на корисници на пензија и број на вработени лица

| Година | Број на вработени | Број на корисници на пензија (без воени и земјоделски корисници) | Број на корисници на пензија на 1000 вработени | Број на вработени на 1 корисник на пензија |
|---|---|---|---|---|
| 1998 | 370.869 | 232.216 | 626 | 1,6 |
| 1999 | 374.025 | 235.839 | 631 | 1,6 |
| 2000 | 367.162 | 241.221 | 657 | 1,5 |
| 2001 | 351.009 | 247.200 | 704 | 1,4 |
| 2002 | 332.728 | 249.421 | 750 | 1,3 |
| 2003 | 321.105 | 254.262 | 775 | 1,3 |
| 2004 | 348.212 | 260.075 | 747 | 1,3 |
| 2005 | 348.500 | 265.152 | 761 | 1,3 |
| 2006 | 394.882 | 269.681 | 714 | 1,5 |
| 2007 | 424.338 | 272.386 | 693 | 1,6 |
| 2008 | 451.491 | 273.281 | 654 | 1,7 |
| 2009 | 475.780 | 273.977 | 576 | 1,7 |
| 2010 | 466.280 | 273.751 | 587 | 1,7 |
| 2011 | 489.608 | 277.441 | 567 | 1,8 |
| 2012 | 507.061 | 282.334 | 557 | 1,8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2013 | 526.909 | 289.114 | 549 | 1,8 |
| 2014 | 536.191 | 293.860 | 548 | 1,8 |
| 2015 | 558.821 | 299.640 | 536 | 1,9 |

*покрај овие корисници на пензија од работничко осигурување Фондот на пензиското и инвалидското осигуруање исплаќа и воени и земјоделски пензии и заедно со нив вкупниот број на корисници на пензија изнесува 301.728 корисници на пензија

Бројот на регистрирани осигуреници во декември 2015 година изнесува 558.821 осигуреник и истиот во споредба со бројот на осигурениците во декември 2014 година од 536.191 е зголемен за 22.630 осигуреници, а бројот на осигуреници за кои се плаќа придонес е зголемен од 498.910 во 2014 година на 509.844 осигуреници во декември 2015 година, или повеќе за 2,2%.

Бројот на осигурениците, корисниците на пензија и нивниот соодност е даден во следниот графикон:




Структурата на осигурениците по пол во декември 2015 година е дадена во следниот графикон:




Од вкупниот број на осигуреници во 2015 година, 123.521 осигуреник се мажи и 98.614 жени на возраст од 40-50 години, а од 50-60 годишна возраст бројот на осигуреници мажи изнесува 71.870 и жени 49.067, а останатите осигуреници се од другите возрасни категории. Од анализираните податоци произлегува дека бројот на корисниците на пензија се очекува да бележи пораст во идниот период.

Старосната структура на осигурениците во декември 2015 година е дадена во следниот графикон:



## 2. Корисници на пензија

Бројот на корисниците на пензија од работничко осигурување, воени и земјоделски пензии со состојба на 31.12.2015 година, изнесува 301.728 корисници, од кои 182.954 корисници на старосна пензија, или 60,64% од вкупниот број на корисници на пензија, 39.814, или 13,20% се корисници на инвалидска пензија, 76.872 или 25,48% се корисници на семејна пензија, 1.605 или 0,53% се корисници на воени пензии и 483 или 0,16% се корисници на земјоделски пензии.

**Табела бр.3**: Број на корисници на пензија во декември 2014 и 2015 година

| Вид на пензија | Корисници на пензија 31.12.2014 | Корисници на пензија 31.12.2015 | Зголемуавање/намалување | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|---|
| Старосна | 176.157 | 182.954 | 6.797 | 103,9 |
| Инвалидска | 41.245 | 39.814 | -1.431 | 96,5 |
| Семејна | 76.458 | 76.872 | 414 | 100,5 |
| **Вкупно** | **293.860** | **299.640** | **5.780** | 102,0 |
| Воени | 1.710 | 1.605 | -105 | 93,9 |
| Земјоделски | 645 | 483 | -162 | 74,9 |
| **Вкупно пензии**: | **296.215** | **301.728** | **5.513** | **101,9** |

Бројот на корисниците на пензија во 2015 година е зголемен за 5.513 корисници во однос на 2014 година, односно за 1,9% од вкупниот број на корисниците на пензија, како резултат на зголемениот број на поднесени и решени барања за остварување право на старосна пензија.

Пораст на бројот на корисниците на пензија во 2015 година е остварен кај корисниците на старосна пензија за 6.797 нови корисници, или за 3,9%, кај корисниците на инвалидска пензија е забележано намалување за 1.431 корисник, или

3,5% и кај корисниците на семејна пензија има зголемување за 414 нови корисници, или 0,5% во однос на истите во 2014 година.

Во Фондот се исплатуваат пензии и за 1.605 корисници на воена пензија и 483 корисници на минимална земјоделска пензија, со кои вкупниот број на корисници на пензија на крајот на годината изнесува 301.728 корисници. Покрај тоа, Фондот исплаќа и надоместок за телесно оштетување за 10.536 корисници, од кои 1.929 се корисници на телесно оштетување како единствено право од пензиското и инвалидско осигурување.

Бројот на корисниците на пензија во 2015 година (заедно со минималните земјоделски и воени пензии) е поголем за 5.513 корисници на пензија во однос на 2014 година, или 1,9%, и тоа, заради намалувањето на минималните земјоделски пензии за 162 корисника и за 105 корисници на воени пензии. Овие корисници и во иднина ќе се намалуваат со природен одлив, поради тоа што затекнатите корисници своето право го оствариле според законски прописи кои веќе не се применуваат, а нови права не се остваруваат.

Структурата на корисниците на пензија по видови на пензија е следна:



Приливот на нови корисници на старосна пензија од 1998 до 2015 година е даден во следниот графикон:




**Табела бр.4**: Стапка на пораст на корисниците на пензија од 1991-2015 година според видот на пензија

| Период | Нови корисници на старосна пензија | Нови корисници на инвалидска пензија | Нови корисници на семејна пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1992-1991 | 7,8 | 7,4 | 5,0 | 6,9 |
| 1993-1992 | 11,6 | 6,9 | 5,2 | 8,9 |
| 1994-1993 | 2,5 | 3,7 | 3,5 | 3,0 |
| 1995-1994 | -0,3 | 2,3 | 3,3 | 1,1 |
| 1996-1995 | 0,7 | 2,0 | 3,0 | 1,6 |
| 1996-1991 | 23,6 | 24,1 | 21,7 | 23,2 |
| 1997-1996 | 1,0 | 3,1 | 3,1 | 2,0 |
| 1998-1997 | 0,9 | 3,7 | 3,0 | 2,3 |
| 1999-1998 | 1,2 | 1,7 | 2,3 | 1,6 |
| 2000-1999 | 3,0 | 0,9 | 2,0 | 2,3 |
| 2001-2000 | 3,3 | 0,1 | 2,8 | 2,5 |
| 2002-2001 | 1,0 | -0,2 | 1,5 | 0,9 |
| 2003-2002 | 2,6 | -0,5 | 2,6 | 1,9 |
| 2004-2003 | 3,6 | -1,2 | 2,4 | 2,3 |
| 2005-2004 | 3,6 | -2,7 | 2,1 | 2,0 |
| 2006-2005 | 2,8 | -1,6 | 1,8 | 1,7 |
| 2006-1996 | 25,5 | 4,1 | 26,1 | 21,1 |
| 2007-2006 | 2,2 | -2,7 | 1,1 | 1,0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2008-2007 | -0,3 | 1,1 | 1,0 | 0,3 |
| 2009-2008 | 0,3 | -1,3 | 1,2 | 0,3 |
| 2010-2009 | 1,2 | -3,8 | -0,3 | -0,1 |
| 2011-2010 | 2,7 | 1,9 | 1 | 1,3 |
| 2012-2011 | 3,9 | -2,8 | 0,1 | 1,8 |
| 2013-2012 | 4,5 | -2,1 | 0,5 | 2,4 |
| 2014-2013 | 4,0 | -3,5 | -0,7 | 1,6 |
| 2015-2014 | 3,9 | -3,5 | 0,5 | 2,0 |

Зголемувањето на бројот на корисниците на пензија од 1998-2015 година е дадена во следниот графикон:




Приливот на корисниците на инвалидска пензија и во 2015 година се намали како и во претходните години заради измените во Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Табела бр.5:** Движење на бројот на корисниците на пензија од работничко осигурување, по години:

| Година | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1991 | 94.676 | 38.206 | 47.867 | 180.749 |
| 1992 | 102.021 | 41.030 | 50.243 | 193.294 |
| 1993 | 113.799 | 43.867 | 52.871 | 210.537 |
| 1994 | 116.617 | 45.472 | 54.745 | 216.834 |
| 1995 | 116.241 | 46.509 | 56.557 | 219.307 |
| 1996 | 116.560 | 47.431 | 58.254 | 222.245 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1997 | 118.148 | 48.909 | 60.042 | 227.099 |
| 1998 | 119.194 | 51.208 | 61.814 | 232.216 |
| 1999 | 120.574 | 52.060 | 63.205 | 235.839 |
| 2000 | 124.210 | 52.549 | 64.462 | 241.221 |
| 2001 | 128.322 | 52.619 | 66.259 | 247.200 |
| 2002 | 129.648 | 52.514 | 67.259 | 249.421 |
| 2003 | 133.008 | 52.237 | 69.022 | 254.267 |
| 2004 | 137.840 | 51.589 | 70.646 | 260.075 |
| 2005 | 142.827 | 50.180 | 72.145 | 265.152 |
| 2006 | 146.852 | 49.364 | 73.465 | 269.681 |
| 2007 | 150.075 | 48.364 | 74.257 | 272.696 |
| 2008 | 149.682 | 48.562 | 75.037 | 273.281 |
| 2009 | 150.092 | 47.947 | 75.937 | 273.976 |
| 2010 | 151.894 | 46.118 | 75.739 | 273.715 |
| 2011 | 156.016 | 44.895 | 76.530 | 277.441 |
| 2012 | 162.086 | 43.648 | 76.600 | 282.334 |
| 2013 | 169.362 | 42.741 | 77.011 | 289.114 |
| 2014 | 176.157 | 41.245 | 76.458 | 293.860 |
| 2015 | 182.954 | 39.814 | 76.872 | 299.640 |

Графички приказ на движењето на бројот на корисниците на пензија




Според дадениот графикон, произлегува дека за повеќе од една половина е во пораст на корисниците и во 2015 година, или 61,05% од вкупниот број корисници на

пензија, се корисници на старосна пензија, а другиот дел се однесува на корисниците на семејна и инвалидска пензија.

## 3. Корисници на најнизок износ на пензија

**Табела бр. 6:** Број и висина на пензијата на корисниците на најнизок износ на пензија

| | Број на корисници | Износ на пензија (денари) |
|---|---|---|
| Прва група | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 3.584 | 10.352,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 712 | 8.841,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 4.416 | 9.350,00 |
| Вкупно прва група ( над35 години маж и над 30 години жена | 8.712 | |
| Втора група | | |
| Пензии остварени од 31.12.1996 | 5.213 | 10.121,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 1.592 | 8.313,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 7.869 | 8.795,00 |
| Вкупно втора група ( над 25 години маж и над 20 години жена) | 14.674 | |
| Трета група | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 13.337 | 9.825,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 5.886 | 7.783,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 26.290 | 8.241,00 |
| Вкупно трета група (до 25 години маж и до 20 години жена) | 45.513 | |
| **Вкупно:** | **68.899** | |

Најнискиот износ на пензија се определува независно од висината на пензијата определена врз основа на должината на пензискиот стаж и остварените плати. Тоа значи дека на осигуреникот му се гарантира износ на пензија кој е повисок од пензијата определена од должината на пензискиот стаж и остварените плати.

Институтот најнизок износ на пензија, се заснова на принципот на социјална праведност и неговата висина зависи од должината на работниот придонес изразена преку должината на пензискиот стаж и ако истата е пониска на корисникот му се исплатува до најниската пензија.

Во Фондот, со состојба 31.12.2015 година се исплаќа минимална пензија на 68.899 корисници, и тоа: 45.513 корисници или 66,06% од вкупниот број на корисници на минимални пензии, од трета група, односно со најмал пензиски стаж (до 25 години маж, односно до 20 години жена), на 14.674 корисници од втора група (над 25 години маж и над 20 години жена ), или 21,30% и на 8.712 корисници на пензија од прва група (над 35 години маж и над 30 години жена), или 12,64% од вкупниот број на минимални пензии. Бројот на корисниците на најнизок износ на пензија во 2015 година во споредба со 2014 година (68.948) е намален за 0,1%, како резултат на висината на пензиите во поголем износ на новите корисници кои правото на пензија го оствариле во 2015 година и усогласувањето на пензиите во 2015 година од септември во износ од 621 денар.

### 4. Корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност

Во Фондот, на крајот на 2015 година, имаше 110 корисници, од кои 81 за време на чекање на вработување на својата или друга соодветна работа, 6 корисници со скратено работно време и 23 корисници поради помал личен доход на друга соодветна работа.

По влегување во сила на измените на Законот за ПИО („Сл. весник на РМ“ бр. 153/2007 година), сите корисници на паричен надоместок по основ на преостаната работна способност кои имаа навршено над 50 години живот, се преведоа во инвалидска пензија по основ на намалена работна способност.

Корисниците (со утврдена промена на работно место или скратено работно време), кои немале навршено 50 години живот, останаа и понатака да работат на

друга работа, или со скратено работно време, и сè уште користат парични надоместоци.

Постојните корисници на паричен надоместок до вработување, надоместок на плата за работа на друго работно место и скратено работно време, се корисници кои правото го оствариле пред 1997 година и истите како стекнато право го остваруваат во Фондот.

**Табела бр.7:** Број на корисници на паричен надоместок од 1997-2015 година

| Вид на право година | Чекање на вработување | Скратено раб. време | Помала плата | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1997 | 947 | 1196 | 1616 | 1016 | 4775 |
| 1998 | 946 | 972 | 1501 | 972 | 4391 |
| 1999 | 950 | 837 | 1364 | 910 | 4061 |
| 2000 | 897 | 573 | 1115 | 812 | 3397 |
| 2001 | 893 | 286 | 733 | 724 | 2636 |
| 2002 | 1035 | 200 | 616 | 676 | 2527 |
| 2003 | 1123 | 147 | 332 | 645 | 2247 |
| 2004 | 1180 | 130 | 265 | 488 | 2063 |
| 2005 | 1407 | 90 | 170 | 0 | 1667 |
| 2006 | 1659 | 63 | 106 | 0 | 1828 |
| 2007 | 1768 | 67 | 113 | 0 | 1948 |
| 2008 | 202 | 15 | 8 | 0 | 225 |
| 2009 | 183 | 14 | 9 | 0 | 206 |
| 2010 | 158 | 13 | 6 | 0 | 177 |
| 2011 | 145 | 16 | 10 | 0 | 171 |
| 2012 | 94 | 13 | 9 | 0 | 116 |
| 2013 | 95 | 13 | 9 | 0 | 117 |
| 2014 | 81 | 6 | 23 | 0 | 110 |
| 2015 | 81 | 6 | 23 | 0 | 110 |

Во следната табела графички е прикажано движењето на бројот на корисниците на парични надоместоци по години:




Во 2015 година, за корисниците на парични надоместоци се исплатени средства во износ од 5,09 милиони денари, а во 2014 година се исплатени средства во износ од 5,10 милиони денари, или 0,01 милиони денари помалку во 2015 година.

## 5. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување

Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување се осигуреници кај кои настанало загубување, посуштествено оштетување, или позначителна онеспособеност.

Право на паричен надоместок за телесно оштетување осигуреникот стекнува независно од тоа дали се стекнал и користи некое друго право од пензиското и инвалидско осигурување.

Бројот на корисниците кои примаат паричен надоместок за телесно оштетување во 2015 година изнесуваше 10.536 корисници, од кои 1.929 корисници на единствено право и 8.607 корисници со право на пензија. Бројот на корисниците на телесно оштетување во 2015 во однос на 2014 година е намален за 331 корисник, или за 3,00%.

## 6. Учество на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ

Учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување, бруто домашниот производ и нивниот соодноs е дадено во следната табела:

**Табела бр. 8:** Расходи за ПИО, БДП и учество на расходите во БДП

| Година | Вкупни расходи за ПИО | БДП | Учество на расходите за ПИО во БДП |
|---|---|---|---|
| | во милиони денари | | |
| 2006 | 31.207 | 298.140 | 10,5 |
| 2007 | 32.770 | 333.845 | 9,8 |
| 2008 | 38.733 | 405.014 | 9,6 |
| 2009 | 41.393 | 396.496 | 10,4 |
| 2010 | 42.507 | 425.628 | 10,0 |
| 2011 | 44.306 | 455.387 | 9,7 |
| 2012 | 46.227 | 476.072 | 9,7 |
| 2013 | 50.854 | 474.196 | 10,7 |
| 2014 | 54.017 | 518.380 | 10,4 |
| 2015 | 56.789 | 560.148 | 10,1 |

Учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во 2015 година изнесува 10,1%.




Учеството на расходите за пензии во 2015 година изнесува 8,3% во однос на БДП истата година. Во однос на 2014 година кога учеството на раходите за пензиите во однос на БДП изнесуваше 8,5%, во 2015 година истото е намалено за 0,2%, од причини што во 2015 година усогласувањето изнесуваше само 5% или 621 денар.

## III. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ

Согласно член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 98/2012год.), секоја година се врши усогласување на пензиите. Во 2015 година согласно горенаведениот член и членот 5 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ“ бр.160/2014 год.), се изврши усогласување на пензиите, така што пензиите остварени заклучно со септември 2015 година се усогласија за 5%, односно во номинален износ од 621 денар по корисник на пензија кои остварија право на пензија заклучно со септември 2015 година.

Усогласувањето на пензиите во периодот од 2001 до 2015 година е прикажано во следниот преглед:

**Табела бр.9:** Извршено усогласување на пензиите од 2001-2015 година

| Година | Усогласување на пензиите на 1 јануари | Усогласување на пензиите на 1 јули | Вкупно усогласување |
|---|---|---|---|
| 2001 | 1,79% | - | 1,79% |
| 2002 | 0,63% | 5,90% | 6,56% |
| 2003 | 2,97% | 2,68% | 5,72% |
| 2004 | 0,80% | 0,41% | 1,21% |
| 2005 | - | 0,40% | 0,40% |
| 2006 | 0,48% | 2,18% | 2,67% |
| 2007 | 0,64% | 1,04% | 1,69% |
| 2008 | 13,00% | 7,65% | 21,66% |
| 2009 | 3.50% | 2,02% | 5,59% |
| 2010 | 0,30% | 1,10% | 1,40% |
| 2010 | 0,30% | 1,10% | 1,40% |
| 2011 | 2,10% | 0,75% | 2,87% |
| 2012 | 0,31% | 1,40% | 1,71% |
| 2013* | 1,15% | 0,75% | +5% допол. Вкуп. 7% |
| 2014 | 5% од февруари | 0,00% | 5,00% |
| 2015 | 0,00% | 5% од септември | 5,00% |

*Редовно и дополнително усогласување

Во периодот од 2001 до 2015 година, најголемо зголемување на пензиите имаше во 2008 година, поради дополнителното усогласување на пензиите со Одлука на Владата на Република Македонија и во 2013 година со Законот за измена и дополна на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, што придонесе да се зголеми реалната вредност на пензиите и да се подобри материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија.

Со извршените усогласувања на пензиите, просечната пензија во декември 2015 година износуваше 13.095,00 денари, и истата во однос на 2014 година во износ од 12.487,00 денари е повисока за 4,9%. Зголемувањето е резултат на извршеното редовно

усогласување на пензиите во 2015 година, како и на висината на пензиите на новите корисници на пензија.

**Табела бр.10:** Просечните пензии по видови, во декември 2014 и 2015 година изнесуваат, и тоа:

| Вид на пензија | 2014 | 2015 | Индекс |
|---|---|---|---|
| | во денари | | |
| Старосна пензија | 13.875 | 14.449 | 104,1 |
| Инвалидска пензија | 11.211 | 11.798 | 105,2 |
| Семејна пензија | 9.872 | 10.439 | 105,7 |
| ВКУПНО | 12.460 | 13.068 | 104,9 |
| Земјоделска пензија | 5.547 | 6.174 | 111,3 |
| Воена пензија | 19.751 | 20.289 | 102,7 |
| ВКУПНО | 12.487 | 13.095 | 104,9 |




Соодносот на исплатената просечна пензија во декември 2015 година (без воени и земјоделски пензии) од 13.068,00 денари и просечната плата исплатена за декември

2015 година во износ од 22.715,00 денари во Републиката, изнесува 57,53%, а соодносот на старосната пензија во износ од 14.449,00 денари во однос на просечната плата изнесува 63,61%.

Просечната исплатена пензија заедно со воените и минималните земјоделски пензии во декември 2015 година изнесува 13.095 денари и во однос на просечната плата изнесува 57,65%, и тоа: 14.449,00 денари старосна пензија, 11.798,00 денари инвалидска пензија и 10.439,00 денари семејна пензија.

**Табела бр.11:** Учество на пензиите во просечната нето плата:

| Година | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупна пензија |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 70,80 | 53,50 | 50,60 | 61,70 |
| 2002 | 69,10 | 52,50 | 49,10 | 60,20 |
| 2003 | 70,40 | 53,70 | 49,90 | 61,40 |
| 2004 | 67,80 | 51,90 | 48,10 | 59,30 |
| 2005 | 64,90 | 49,90 | 45,90 | 56,90 |
| 2006 | 63,30 | 48,70 | 44,40 | 55,50 |
| 2007 | 57,60 | 44,40 | 40,20 | 50,50 |
| 2008 | 62,00 | 49,30 | 44,60 | 55,00 |
| 2009 | 55,40 | 44,30 | 39,70 | 49,10 |
| 2010 | 54,10 | 42,90 | 38,30 | 47,90 |
| 2011 | 56,50 | 44,50 | 39,60 | 49,90 |
| 2012 | 57,90 | 46,30 | 40,20 | 51,30 |
| 2013 | 61,80 | 49,29 | 43,12 | 54,97 |
| 2014 | 61,92 | 50,03 | 44,06 | 55,61 |
| 2015 | 63,61 | 51,94 | 45,96 | 57,53 |

Учеството на сите видови пензија во однос на просечната исплатена нето плата по работник, во 2015 во однос на 2014 година, е зголемена од 55,61% на 57,53%.

Табела бр.12: Структура на корисниците на пензија по групи на износи на пензии

| Групи на износ | Семејни | Структура | Инвалидски | Структура | Старосни | Структура | Земјоделски | Структура | Воени | Структура | Вкупно | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во денари | | % | | % | | % | | % | | % | | |
| до 7.783,00 | 8.997 | 11,7 | 3.016 | 7,6 | 11.866 | 6,5 | 478 | 99,0 | 4 | 0,2 | 24.361 | 8,1 |
| 7.783,00 - 10.121,00 | 38.792 | 50,5 | 13.896 | 34,9 | 31.830 | 17,4 | 5 | 1,0 | 0 | 0,0 | 84.523 | 28,0 |
| 10.121,00 - 15.000,00 | 21.308 | 27,7 | 15.815 | 39,7 | 67.750 | 37,0 | 0,0 | 0,0 | 85 | 5,3 | 104.958 | 34,8 |
| 15.000,00 - 24.000,00 | 6.848 | 8,9 | 6.263 | 15,7 | 57.550 | 31,5 | 0,0 | 0,0 | 1280 | 79,8 | 71.941 | 23,8 |
| 24.000,00 - 35.683,00 | 797 | 1,0 | 757 | 1,9 | 12.285 | 6,7 | 0,0 | 0,0 | 216 | 13,5 | 14.055 | 4,7 |
| над 35.683,00 | 130 | 0,2 | 67 | 0,2 | 1.673 | 0,9 | 0,0 | 0,0 | 20 | 1,2 | 1.890 | 0,6 |
| **Вкупно** | **76.872** | **100,00** | **39.814** | **100,0** | **182.954** | **100,0** | **483** | **100,0** | **1605** | **100,0** | **301.728** | **100,0** |

Од 301.728 корисници на пензија, 24.361 корисник, или 8,1% примаат пензија до 7.783,00 денари, што преставува најнизок износ на пензија од трета група на најниските износи на пензија, 84.523 корисници на пензија или 28,0% примаат од 7.783,00 до 10.121,00 денари, што претставува највисок износ од прва група на најниските пензии, односно 104.958 корисници на пензија, или 34,8% примаат пензија во висина до 15.000,00 денари што претставува највисок износ од прва група на пензија од најниските пензии

Табела бр.13: Број на корисници на пензија кои примаат пензија под гарантираниот најнизок износ на пензија од 7.783,00 денари, поради примање на сразмерен дел од други држави, по групи на износи

| Групи на износи во денари | Корисници | Структура | Кумулатив корисници | Кумулатив структура |
|---|---|---|---|---|
| до 500,00 | 1 | 0,01 | 1,00 | 0,0 |
| 500,01-1.000,00 | 70 | 0,37 | 71 | 0,4 |
| 1.000,01-1,500,00 | 194 | 1,02 | 265 | 1,4 |
| 1,500,01-,2000,00 | 495 | 2,59 | 760 | 4,0 |
| 2,000,01-2,500,00 | 2.357 | 12,34 | 3.117 | 16,3 |
| 2.500,01-3.000,00 | 2.112 | 11,06 | 5.229 | 27,4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.000,01-3.500,00 | 1.803 | 9,44 | 7.032 | 36,8 |
| 3.500,01-4.000,00 | 1.643 | 8,61 | 8.675 | 45,4 |
| 4.000,01-4.500,00 | 1.501 | 7,86 | 10.176 | 53,3 |
| 4.500,01-5.000,00 | 1.370 | 7,18 | 11.546 | 60,5 |
| 5.000,01-5.500,00 | 1.379 | 7,22 | 12.925 | 67,7 |
| 5.500,01-6.000,00 | 1.380 | 7,23 | 14.305 | 74,9 |
| 6.000,01-6.562,00 | 1.554 | 8,14 | 15.859 | 83,1 |
| 6.562,01-7.162,00 | 1.531 | 8,02 | 17.390 | 91,1 |
| 7.162,00 < 7.783,00 | 1.703 | 8,92 | 19.093 | 100,0 |
| **Вкупно** | **19.093** | **100,00** | | |

**Табела бр.14.** Висина и број на корисници на најнизок износ на пензија од трета група

| **Година** | **Најнизок износ на пензија (денари)** | **Корисници на најнизок износ на пензија од трета група** |
|---|---|---|
| 2000 | 3.362,00 | 16.761 |
| 2001 | 3.422,00 | 19.436 |
| 2002 | 3.647,00 | 20.565 |
| 2003 | 3.856,00 | 20.809 |
| 2004 | 3.903,00 | 21.173 |
| 2005 | 3.918,00 | 21.577 |
| 2006 | 4.023,00 | 22.142 |
| 2007 | 4.091,50 | 22.102 |
| 2008 | 5.262,00 | 22.342 |
| 2009 | 5.556,00 | 22.575 |
| 2010 | 5.634,00 | 22.357 |
| 2011 | 5.795,50 | 23.841 |
| 2012 | 5.895,00 | 22.534 |
| 2013 | 6.562,00 | 19.093 |
| 2014 | 7.162,00 | 24.575 |
| 2015 | 7.783,00 | 25.807 |

Учеството на корисниците на најнизок износ на пензија во 2015 година (25.807) во однос на вкупниот број на корисници на пензија (301.728), изнесува 8,5%.

Табела бр.15 Висина и број на корисници по видови на пензија

| Износ | Семејна | Инвалидска | Старосна | Вкупно | кумулатив |
|---|---|---|---|---|---|
| до – 7.783,00 | 9.308 | 3.019 | 12.034 | 24.361 | 24.361 |
| 7.783,00-8.241,00 | 15.007 | 2.203 | 10.725 | 27.935 | 52.296 |
| 8.241,00-8.313,00 | 846 | 279 | 978 | 2.103 | 54.399 |
| 8.313,00-8.795,00 | 5.255 | 1.423 | 5.024 | 11.702 | 66.101 |
| 8.795,00-8.841,00 | 728 | 149 | 354 | 1.231 | 67.332 |
| 8.841,00-9.350,00 | 5.657 | 1.627 | 3.659 | 10.943 | 78.275 |
| 9.350,00-9.825,00 | 8.342 | 5.962 | 6.233 | 20.537 | 98.812 |
| 9.825,00-10.121,00 | 2.962 | 2.253 | 4.857 | 10.072 | 108.884 |
| 10.121,00-10.352,00 | 3.208 | 2.047 | 3.873 | 9.128 | 118.012 |
| 10.352,00-11.000,00 | 4.523 | 3.937 | 10.300 | 18.760 | 136.772 |
| 11.000,01-12.000,00 | 4.699 | 3.448 | 14.742 | 22.889 | 159.661 |
| 12.000,01-13.000,00 | 3.820 | 2.511 | 13.479 | 19.810 | 179.471 |
| 13.000,01-14.000,00 | 2.579 | 2.149 | 12.727 | 17.455 | 196.926 |
| 14.000,01-15.000,00 | 2.563 | 1.724 | 12.629 | 16.916 | 213.842 |
| 15.000,01-16.000,00 | 1.756 | 1.467 | 11.673 | 14.896 | 228.738 |
| 16.000,01-17.000,00 | 1.757 | 1.474 | 12.304 | 15.535 | 244.273 |
| 17.000,01-18.000,00 | 902 | 912 | 7.777 | 9.591 | 253.864 |
| 18.000,01-19.000,00 | 747 | 675 | 6.622 | 8.044 | 261.908 |
| 19.000,01-20.000,00 | 662 | 495 | 5.545 | 6.702 | 268.610 |
| 20.000,01-22.000,00 | 1.149 | 867 | 8.712 | 10.728 | 279.338 |
| 22.000,01-24.000,00 | 658 | 523 | 5.264 | 6.445 | 285.783 |
| 24.000,01-26.000,00 | 333 | 325 | 3.757 | 4.415 | 290.198 |
| 26.000,01-28.000,00 | 182 | 216 | 3.109 | 3.507 | 293.705 |
| 28.000,01-30.000,00 | 105 | 119 | 2.260 | 2.484 | 296.189 |
| 30.000,01-32.000,00 | 101 | 76 | 1.555 | 1.732 | 297.921 |
| 32.000,01-35.683,00 | 103 | 62 | 1.752 | 1.917 | 299.838 |
| лимит – 35.683,00 | 18 | 2 | 45 | 65 | 299.903 |
| 35.683,00-37.228,00 | 33 | 25 | 393 | 451 | 300.354 |
| лимит-37.228,00 | 54 | 18 | 928 | 1.000 | 301.354 |
| 37.228,00-38.394,00 | 6 | 6 | 39 | 51 | 301.405 |
| лимит-38.394,00 | 22 | 19 | 282 | 323 | 301.728 |
| В К У П Н О | 78.085 | 40.012 | 183.631 | 301.728 | |

## IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2015 година, како и со Ребалансот на Буџетот на Фондот, како составен дел на Буџетот на Републиката, беше планирано финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Како основ за баланс помеѓу приходите и расходите беа земени макроекономските индикатори за пораст на приходите од придонесите за 5,7% (3% од предвидениот пораст на платите и 2,7% пораст на вработеноста), обезбедувањето средства од Буџетот на Републиката за редовните законски обврски, за транзиционите трошоци и покривање на дефицитот на Фондот. Порастот на платите е од значење како фактор за пресметка и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, а и порастот на вработеноста е од битно влијание при остварување на приходите на Фондот. Во делот на расходите беше проектирана редовна исплата на пензиите и законско зголемување на пензиите од 5% како и пораст на бројот на корисниците на пензија од 1,81% на годишно ниво.

На финансиското работење на Фондот влијаеше стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување која во 2015 година изнесуваше 18% согласно Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување и преземените мерки на Фондот за наплата на заостанатите неплатени придонеси заклучно со 2008 година.

Од преземените мерки во делот на наплатата на заостанатите неплатени придонеси за периодот до 31.12.2008 година, наплатени се средства во износ од 163,20 милиони денари.

Со средствата остварени од придонесите, како и со дозначените средства од Буџетот на Републиката, од продажбата на акции и удели со кои располага Фондот, од приходите од акцизи и другите неданочни приходи, Фондот во 2015 година оствари вкупни приходи во износ од 57.254,51 милиони денари. Со овие и со

пренесените средства од 2014 година (520,79 милиони денари), Фондот изврши вкупни расходи во износ од 56.789,36 милиони денари.

Фондот и во 2015 година, редовно вршеше исплата на пензиите во првата недела од месецот за претходниот месец, со користење и на позајмица од Буџетот на Републиката, а ја враќаше по исплатата со акумулирањето на средствата од придонесите.

Вкупните остварени приходи на Фондот во 2015 година во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот изнесуваат 100,8%, а во однос на 2014 година се повисоки за 6,46%, заради зголемениот износ на трансферни средства за покривање на тековниот дефицит, а вкупните расходи се на ниво на планираните средства со Буџетот, или 99,98%, а во однос на 2014 година се повисоки за 5,14%.

## 1. Приходи на Фондот

**Вкупните приходи** на Фондот во износ од 57.254,51 милион денари се остварени од следните извори на финансирање:

- **Од изворни приходи** (придонес од плата, бенефициран стаж, придонес од физички лица кои самостојно вршат дејност и вработени кај нив, како и од индивидуални земјоделци и Агенцијата за вработување) се остварени средства во износ од 32.236,20 милиони денари, или 56,31 % од вкупните приходи,

- **Средствата од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 23.860,89 милион денари, или 41,68 % од вкупните приходи,

- **Од акцизи** се остварени средства во износ од 1.016,11 милиони денари, или 1,78% од вкупните приходи,

- **Од дивиденда** се остварени средства во износ од 0,09 милиони денари и **од продажба на акции и удели** се остварени средства во износ од 15,52 милиони денари, или вкупно 15,61 милиони денари, кои во однос на вкупните приходи изнесуваат 0,03%.

- **Од други приходи** се остварени средства во износ од 125,70 милиони денари, или 0,2% од вкупните приходи.

**Придонесот од плата** се пресметува и плаќа по стапка од 18% на бруто платата и е основен извор за финансирање на Фондот. Уплатените придонеси Фондот ги распределува меѓу Првиот и Вториот пензиски столб. За распределбата на придонесот во 2015 година меѓу Првиот и Вториот столб со стапување во сила на новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување од 08.08.2012 година, се утврди фиксна стапка на придонес за Првиот столб од 12%, а за Вториот столб од 6%.

Во 2015 година од придонесот од плата, остварени се средства во износ од 30.967,32 милиони денари и истите изнесуваат 101,08 % во однос на планираните со Буџетот на Фондот, а во споредба со 2014 година се повисоки за 7,85%, или 2.251,83 милиони денари. Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 54,09%. Во зголемувањето на придонесот од плата во 2015 година, има мало учество и наплатата на заостанатите придонеси заклучно со 31.12.2008 година, во износ од над 163,20 милиони денари, од кои 155,78 милиони денари се придонеси од плата и 7,42 милиони денари камати за ненавремено плаќање на истите.

Придонесот од плата по месеци во 2015 и 2014 година се движи според следната динамика:

**Табела бр.16:** Придонес од плата по месеци

| Месеци | Наплатени придонеси | | Индекс 2015/2014 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2014 | | |
| Јануари | 2.072,83 | 1.959,87 | 105,8 | 112,96 |
| Февруари | 2.477,92 | 2.465,47 | 100,5 | 12,45 |
| Март | 2.521,95 | 2.337,19 | 107,9 | 184,76 |
| Април | 2.739,55 | 2.422,00 | 113,1 | 317,55 |
| Мај | 2.329,99 | 2.287,77 | 101,9 | 42,22 |
| Јуни | 2.637,18 | 2.327,69 | 113,3 | 309,49 |
| Јули | 2.862,96 | 2.472,69 | 115,8 | 390,27 |
| Август | 2.376,31 | 2.272,72 | 104,6 | 103,59 |
| Септември | 2.592,36 | 2.390,37 | 108,5 | 201,99 |
| Октомври | 2.640,46 | 2.540,35 | 103,9 | 100,11 |
| Ноември | 2.591,11 | 2.318,02 | 111,8 | 273,09 |
| Декември | 3.124,70 | 2.921,35 | 107,0 | 203,35 |
| **Вкупно** | **30.967,32** | **28.715,49** | **107,8** | **2.251,83** |

Од табелата се гледа дека придонесот од плата во 2015 во однос на 2014 година, е повисок за 7,8%, а по месеци има поголемо остварување во април јуни, септември, ноември и декември 2015 година.

**Приходите од придонесот од доходот** (371,12 милиони денари), **приходите од физичките лица што вршат дејност и вработените кај нив** (747,05 милиони денари), како и од **индивидуалните земјоделци** (129,49 милиони денари), се остварени во износ од 1.247,66 милиони денари и нивното учество во вкупните приходи изнесува 2,2%.

**Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначуваат по основ на придонесот за невработени лица кои примаат паричен надоместок. Во 2015 година, по овој основ, се дозначени средства во износ од 21,22 милиони денари и истите во споредба со 2014 година (30,87 милиони денари) се пониски за 9,65 милиони денари, или за 31,3%, а нивното учество во вкупните приходи на Фондот изнесува само 0,04%. Овие средства, од година во година се намалуваат поради намалувањето на бројот на лицата за кои се плаќа придонес, поради измена на законските прописи да се плаќа придонес само за лицата кои немаат 15 години пензиски стаж.

**Приходите од акцизите** се остварени во износ од 1.016,11 милиони денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,8%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од нафтените деривати. Во споредба со 2014 година приходите од акцизите се повисоки за 13,9%, а во однос на планираните се повисоки за 8,9%.

**Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 23.860,89 милиони денари и истите се остварени во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот (100,1%), а во споредба со остварените приходи во 2014 год. (22.677,71 милиони денари) се повисоки за 5,2%. Дозначените средства се однесуваат, и тоа:

- 3.150,00 милиони денари за законски обврски (за корисници на минимални земјоделски пензии, воени пензии, борци пред и по 9.9.1943 година, корисници на товар на Републиката, учители, корисници во КПД, како и за исплата на разлики по основ на усогласувањето од 8% за изминат период согласно пресудата на Врховниот суд на РМ),

- 4.600,00 милиони денари за транзициони трошоци,

- 15.981,21 милиони денари за покривање на тековен дефицит,

- 127,15 милиони денари трансфер од Министерството за одбрана и

- 2, 53 милиони денари за покривање на патните трошоци за бањите.

Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот изнесува 41,7%, а учеството на тековниот дефицит во вкупниот трансфер изнесува 66,98% и истиот бележи пораст од година во година. Средствата од Буџетот на Републиката се втор по големина приход и претставуваат значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување. Приходите од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа, по претходно доставени месечни пресметки од страна на Фондот.

**Приходи од дивиденда и од продажба на акции и удели** во 2015 година се остварени во износ од 15,61 милиони денари и тоа:

- **Од дивиденда** се остварени средства во износ од 0,09 милиони денари,

- **Од продажба на акции и удели** се остварени средства во износ од 15,52 милиони денари и истите се пониски и со планираните средства со Буџетот на Фондот и во споредба со остварените средства во 2014 година.

- **Од другите приходи** остварени се средства во износ од 125,70 милиони денари и истите се пониски за 11,2% во споредба со планираните, а во однос на 2014 година за 43,2%, во најголем дел од закупнини, надоместок на штети, приходи од пензиски фондови, вратени пензии во земјата и странство за починати корисници, камати за ненавремено плаќање на придонесите за ПИО и друго.

Структурата на приходи е следна:




Според структурата на приходите, во вкупните приходи најголемо е учеството на придонесот на плата со 54,1%, од Буџетот на Републиката со учество од 41,7% или по двата основа 95,8%, додека од сите останати приходи остварените средства учествуваат со 4,2 % во вкупните приходи.

Табела бр.17: Остварените и планираните приходи на Фондот во 2015 година :

| Ред. Број | Вид на приход | Буџет за 2015 год. | Остварено I-XII 2014 | Остварено I-XII 2015 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Придонес од плата | 30.636,27 | 28.715,49 | 30.967.32 | 101,08 | 107,85 |
| 2 | Придонес од доход | 391,37 | 351,50 | 371,12 | 94,83 | 105,59 |
| 3 | Приватен сектор | 680,05 | 710,56 | 747,05 | 109,86 | 105,14 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 110,00 | 99,22 | 129,49 | 117,74 | 130,51 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 21,00 | 30,87 | 21,22 | 101,05 | 68,74 |
| | Вкупно придонеси | **31.838,71** | **29.907,64** | **32.236,20** | **101,25** | **107,79** |
| 6 | Приходи од акцизи | 932,75 | 892,39 | 1.016,11 | 108,94 | 113,87 |
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | 23.838,21 | 22.677,71 | 23.860,89 | 100,10 | 105,22 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Други приходи | 140,00 | 290,74 | 125,70 | 89,79 | 43,24 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 2,00 | 0,66 | 0,09 | 4,5 | 13,64 |
| 10 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 50,00 | 11,54 | 15,52 | 31,04 | 134,49 |
| | **Вкупни приходи** | **56.801,67** | **53.780,68** | **57.254,51** | **100,8** | **106,46** |

## 2. Расходи на Фондот

Со Буџетот на Фондот за 2015 година, со расходите согласно макроекономските индикатори, беше проектирана редовна исплата на пензиите и зголемување на истите од 5% од септември 2015 година, како и пораст на бројот на корисниците на пензија од 1,81% на годишно ниво.

Вкупните расходи на Фондот во 2015 година изнесуваат 56.789,36 милиони денари и истите се извршени на ниво на планираните средства со Буџетот на Фондот односно 99,98%, а се повисоки за 5,14% во однос на извршените расходи во 2014 година.

Расходите на Фондот се однесуваат, и тоа:

- **Расходите за исплата на пензиите** изнесуваат 45.569,24 милиони денари (45.138,48 милиони денари за редовни пензии, 392,36 милиони денари за воени пензии и 38,40 милиони денари за земјоделски пензии), или 80,25% од вкупните расходи.

- **Придонесот за здравствено осигурување** за корисниците на пензија изнесува 5.954,22 милиони денари и истиот во вкупните расходи учествува со 10,49%. Расходите за исплатените пензии заедно со придонесот за здравствено осигурување изнесува 51.523,46 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 90,73%.

- **Расходите за исплата на надоместоците од инвалидско осигурување, интернатското сместување на деца инвалиди и телесното оштетување** изнесуваат 94,70 милиони денари, или 0,17% од вкупните расходи. Надоместоците од инвалидското осигурување изнесуваат 5,09 милиони денари и истите во споредба со

расходите од 2014 година се на исто ниво. Надоместокот за телесно оштетување изнесува 88,70 милиони денари, а за интернатско сместување 0,91 милиони денари.

- **Трансферот на средствата за приватни пензиски фондови** во 2015 година изнесуваат 4.719,99 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 8,32%. Овие расходи се на ниво на планираните средства со Буџетот на Фондот (100,%), а за 14,06% се повисоки во споредба со 2014 година. Бројот на осигурениците-членови во приватните пензиски фондови, на крајот од 2014 година, изнесуваше 373.151 (состојба 31.12.2014 година) и истиот на 31.12.2015 година изнесуваше 405.288 членови, или повеќе за 32.137 членови, поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите нововработени. Овие средства се надоместуваат од Буџетот на Републиката.

- **Платите на вработените во Стручната служба** на Фондот во 2015 година изнесуваат 248,63 милион денари, или 0,44% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените во Стручната служба се на ниво на планираните средства (97,91%), а во споредба со 2014 година се повиски за 3,04% поради исполнување на обврската за преведување на вработените со договор за дело во редовен работен однос. Бројот на вработените со состојба декември 2015 година, изнесува 645 вработени.

- **Другите расходи** во 2015 година се извршени во износ од 183,9 милиони денари, или 0,33% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните се извршени со 99,4%, и во споредба со извршените од 2014 година се повисоки за 8,44%.

- **Капиталните трошоци** се извршени во износ од 9,10 милиони денари, кои во споредба со планираните средства за оваа намена во износ од 9.110 милиони денари, преставуваат извршување од 100%. Во 2015 година, овие средства се потрошени за купување на информатичка и канцелариска опрема.

- **Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 8,07 милиони денари, и тоа, за реконструкција на објектите во Централа Скопје,

Неготино, Велес, Струмица, Демир Хисар, Тетово и во домовите за живеење на корисниците на пензија во Аердром, Автокоманда, Куманово и Чаир.

- **Набавка на моторно возило** е извршена за потребите на Стручната служба на Фондот, бидејќи истите се дотраени и застарени. Набавката е извршена за износ од 1,5 милиони денари колку што се обезбедени средства.

Структурата на расходите е следна:




**Табела бр.18:** Вкупните расходи на Фондот дадени се во следната табела:

| Ред. Број | Вид на расход | Буџет за 2015год. | Остварено I-XII 2014 | Остварено I-XII 2015 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Вкупно пензии | 45.657,00 | 44.022,77 | 45.658,04 | 100,01 | 103,72 |
| 2 | Плаќ.по основ на задол.кап.осиг. | 4.720,00 | 4.138,32 | 4.719,99 | 100,00 | 114,06 |
| 3 | Надоместоци од инвалидско осигурување | 12,00 | 6,28 | 6,01 | 50,00 | 95,55 |
| 4 | Придонес за здраствено осигурување | 5.955,00 | 5.421,47 | 5.954,22 | 99,99 | 109,83 |
| 5 | Плати и надоместоци | 253,97 | 241,31 | 248,63 | 97,94 | 103,04 |

| 6 | Други расходи, капитални трошоци и реконструкција на деловни објекти | 203,80 | 187,30 | 202,47 | 99,39 | 108,14 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупни расходи** | **56.801,77** | **54.017,45** | **56.789,36** | **99,98** | **105,14** |

**Табела бр. 19:** Движење на приходите по години во милиони денари

| Година | Изворни приходи | Агенција за вработување | Буџет | Акцизи | Други приходи | Дивиденда | Продажба на акции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 19.948,52 | 1.219,77 | 9.370,85 | 661 | 223,75 | 22,75 | 962,6 | 32.409,24 |
| 2007 | 21.914,23 | 864,98 | 10.378,52 | 681,04 | 151,89 | 5,88 | 56,71 | 34.053,25 |
| 2008 | 25.581,91 | 773,58 | 10.181,99 | 717,4 | 247,71 | 21,48 | 97,63 | 37.621,70 |
| 2009 | 26.279,53 | 256,49 | 14.020,85 | 744,49 | 194,11 | 19,41 | 74,64 | 41.589,52 |
| 2010 | 26.137,49 | 163,9 | 14.218,12 | 787,57 | 112,17 | 10 | 40,78 | 41.470,03 |
| 2011 | 26.890,36 | 122,19 | 15.704,97 | 813,77 | 122,23 | 7,22 | 276,35 | 43.937,09 |
| 2012 | 27.659,80 | 84,25 | 17.503,34 | 851,03 | 149,65 | 3,44 | 119,12 | 46.370,63 |
| 2013 | 28.655,98 | 50,76 | 21.060,83 | 870,16 | 142,69 | 2,25 | 287,56 | 51.070,23 |
| 2014 | 29.876,77 | 30,87 | 22.677,71 | 892,39 | 290,74 | 0,66 | 11,54 | 53.780,68 |
| 2015 | 32.214,89 | 21,22 | 23.860,89 | 1016,11 | 125,70 | 0,09 | 15,52 | 57.254,51 |

Вкупните приходи во 2014 година, во однос на 1994 година, се зголемени за 307,42%, а средствата од Буџетот на Републиката за 770,01%. Приходите од Агенцијата за вработување драстично се намалени од 2009 година, поради измена на законските прописи во однос на стекнување на правото, како и во однос на основиците и процентот на пресметките за остварување.




Табела бр.20: Движење на расходите по години

| Година | Пензии | Надоместоци од инвалидско осигурување | Придонес од здравство | Стручна служба | Други капитални расходи | Транзициони трошоци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 25.410,57 | 224,98 | 3.582,45 | 177,17 | 486,40 | 1.325,14 | 31.206,70 |
| 2007 | 26.305,27 | 247,79 | 3.714,03 | 240,33 | 385,13 | 1.877,00 | 32.769,55 |
| 2008 | 30.953,74 | 115,58 | 4.367,89 | 256,16 | 549,24 | 2.490,53 | 38.733,14 |
| 2009 | 33.537,64 | 107,53 | 4.290,57 | 264,64 | 260,39 | 2.932,20 | 41.392,97 |
| 2010 | 34.437,32 | 103,52 | 4.338,25 | 251,55 | 203,89 | 3.172,93 | 42.507,46 |
| 2011 | 35.751,31 | 101,65 | 4.524,32 | 273,81 | 172,07 | 3.482,61 | 44.305.77 |
| 2012 | 37.292,59 | 100,65 | 4.798,82 | 257,28 | 177,93 | 3.599,49 | 46.226,76 |
| 2013 | 40.812,95 | 100,57 | 5.359,18 | 247,34 | 193,43 | 4.141,29 | 50.854,76 |
| 2014 | 43.931,60 | 97,45 | 5.421,47 | 241,31 | 187,3 | 4.138,32 | 54.017,45 |
| 2015 | 45.569,34 | 94,71 | 5.954,22 | 248,63 | 202,47 | 4.719,99 | 56.789,36 |

Во периодот од 1994 до 2015 година, исто така, се зголемуваа и расходите, како резултат на зголемувањето на бројот на корисниците на пензија и извршеното усогласување на пензиите.

Расходите за исплата на пензиите во 2015 година, изнесуваа 45.569,34 милиони денари и во споредба со 1994 година се зголемени за 295,82%, расходите за плати на вработените се зголемени за 209,34%, а другите расходи бележат

намалување, додека вкупните расходи во споредба со 1994 година се зголемени за 307,9%. Од 2006 година, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, во Фондот започнаа да се реализираат расходи по основ на пренесување средства во приватните пензиски фондови за придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за членовите кои пристапиле во приватните пензиски фондови. Овие расходи се зголемени од 1.325,14 милиони денари во 2006 година на 4.719,99 милиони денари во 2015 година, или за 356,2%, заради зголемениот број на членови.

Во следниот графикон е прикажано движењето на расходите по години:




## 3. Финансиски резултат

Во 2015 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 57.254,51 милиони денари, а вкупните расходи изнесуваа 56.789,36 милиони денари. Вкупните приходи во споредба со 2014 година се повисоки за 6,46%, а расходите за 5,14%, и во споредба со планираните средства и приходите и расходите се движат околу нивото на планираните со Буџетот на Фондот за 2015 година.

Со остварените приходи од придонесите и средствата од Буџетот на Републиката, како и од останатите приходи, Фондот во 2015 година редовно ја вршеше исплатата на пензиите во утврдениот период во првата недела од месецот за претходниот месец, со користење на позајмица од Буџетот на Републиката, која редовно ја враќаше по исплатата на пензиите и акумулирањето на средствата од приходите.

## 4. Акции и удели

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија поседува акции и удели во претпријатијата што се трансформираат согласно член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал и критериумите за продажба на акциите и уделите стекнати врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на предлог на Комисијата за акции и удели носи одлуки за продажба на акциите и уделите.

Во текот на 2015 година Управниот одбор на Фондот донесе пет Одлуки за продажба на акции во сопственост на Фондот за кои потоа Владата на Република Македонија, согласно член 193 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, донесе одлуки за давање на согласност на одлуките за продажба на акциите на Фондот. Исто така, се продолжи и со спроведување на одлуките за продажба на акциите и уделите донесени во претходните години.

На Македонската берза во текот на 2015 година беа спроведени 9 јавни берзански аукции, на кои беа продадени акции издадени од 24 акционерски друштва, при што е остварен нето приход во вкупен износ од 15.661.431 денари.

## 5. Наплата на заостанатите ненаплатени придонеси

Во текот на 2015 година вкупно наплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување се 32.248.825.200,00 денари за придонеси и камати по основ на ненавремено плаќање на придонесите, од кои 30.273.066.987,00 денари се придонеси од интегрираната наплата за плати остварени во 2015 година, 1.812.553.910,00 денари се придонеси по основ на интегрирана наплата за периодот од 01.01.2009 до 31.12.2014 година, а 163.204.303,00 денари се придонеси до 31.12.2008 година за кои е надлежен Фондот да води постапка за наплата.

Во текот на 2015 година од Одделението за контрола на податоците од придонес реализирани се и други активности, и тоа:

-Имплементација на измените на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување со кој беше предвидено плаќање на придонеси за лица кои оствариле приходи по основ на договор на дело, авторски договор или друг вид на договор чија примена важеше за остварените и исплатени приходи заклучно со 31.07.2015 година. По овој основ во Фондот беа поднесени 25.407 пријави за плаќање на придонеси по основ на договор за дело, авторски договор или друг вид на договор, од кои, 17.797 го исполнуваа условот за пресметка. Вкупно утврдениот износ по овие пријави од пресметките кои ги изработува Фондот изнесува 82.487.424,00 денари. Вкупно платените придонеси по овој основ изнесуваат 100.716.413,00 денари, од кои 58.734.155,00 денари се од правни лица, а 41.982.258,00 денари се од физички лица.

-Имплементација на Законот за отпис на камати за неплатени придонеси до 31.12.2008 година. Согласно овој закон, заклучно со 31.12.2015 година кога истекуваше рокот за поднесувања на барања за отпис на камати, поднесени се вкупно 407 барања, од кои, 247 од правни субјекти, а 160 од физички лица. Вкупниот износ на неплатениот

придонес по основ на Законот за отпис на камата изнесува 472.081.197,00 денари, од кој главниот долг изнесува 222.280.405,00, а каматата изнесува 249.816.605,00 денари. Заклучно со 31.12.2015 година, вкупно платено по однос на поднесените барања за ослободување од камата изнесува 42.290.090, 00 денари. Останатиот долг обврзниците имаат обврска да го платат во рок од 12, односно 36 месеци до денот на поднесеното барање во зависнот од висината на долгот.

-Имплементација на измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со кој се овозможи осигурениците чии обврзници се ликвидирани, а придонесите не се платени да можат самостојно да си ги платат придонесите. Примената на овој закон продолжува и во текот на 2016 година. Заклучно со 31.12.2015 година по овој основ поднесени се вкупно 380 барања, од кои, за 255 се донесени позитивни решенија, за 73 се донесени негативни решенија, а за 52 барања сè уште се води постапка. Вкупно утврдениот износ по овој основ изнесува 25.434.614,00 денари, од кои, се платени 9.412.896,00 денари, а остатокот е за плаќања во наредниот период, на рати, согласно законската регулатива.

## 6. Информирање

Информирањето во Фондот на ПИОМ се остваруваше и во 2015 година. Фондот посебно внимание посвети на информирањето и односите со јавноста, со цел задоволување на барањата на обврзниците, осигурениците и корисниците на пензија заради информирање за сите измени во законските прописи и тековни активности во Фондот, односно разрешување и давање стручни упатства на прашањата во делот на пензиското и инвалидско осигурување. Посебно внимание се обрна и на информирањето на вработените во Фондот со цел подобра меѓусебна соработка и комуникација.

Во Фондот на ПИОМ, информирањето се одвиваше преку печатеното интерено гласило „Информатор“ (на македонски и албански јазик) и преку веб-страницата (www.piom.com.mk) достапна на сите интернет корисници. Во рамките на Фондот

успешно функционираат и „Граѓанскиот дневник“, „Едношалтерскиот систем“, „Семафорот“ за оценка на квалитетот на шалтерските работници, „Нема погрешна врата“, Групата за комуникации, преведувачката служба и др.

За работата на Фондот на ПИОМ, на веб-страницата, како и во гласилото „Информатор“, редовно и навремено се објавуваат прилози за документите (актите) што ги разгледува и донесува/усвојува Управниот одбор на Фондот, како и од состаноците во Стручната служба-Централата на Фондот, организирањето на прес-конференциите и реализацијата на пензиските проекти, со објавување на текстови и коментари за афирмација на работата на Стручната служба на Фондот. Ова се остварува во координирана соработка со сите стручни служби и одделенија во Фондот на ПИОМ.

И во 2015 година, Групата за комуникации активно учествуваше во организирањето и реализирањето на бројни интерни состаноци, стручни презентации, апликативни предавања, прес-конференции, конференции за билатерална соработка, за што јавноста и вработените беа навреме и квалитетно информирани.

Во текот на 2015 година, издадени се 2 броја на печатеното интерно гласило за вработените "Информатор", на чии страници се објавени вкупно 13 текстови и 20 фотографии.

Фондот на ПИОМ, во 2015 година, беше застапен и во месечниот весник на Сојузот на пензионерите на Македонија, „Пензионер плус“, при што, во 9 броја од весникот се објавени исто толку аналитички текстови и коментари за пензиската политика и работата на Фондот. Со овие текстови, јавноста беше запознавана со работата на Фондот (годишни и квартални извештаи, Програмата за работа на Управниот одбор, инвестициите во пензионерските домови и клубови, активностите поврзани со бањско-климатската рекреација и туристичкиот викенд, исплатата на Солидарниот фонд и членарина и др.).

Во 2015 година објавени се повеќе соопштенија во дневните весници за продажбата на акциите и уделите на Фондот, законското и навременото плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и друго.

Веб-страницата на Фондот по концепт и дизајн, преку бројните рубрики е во директна функција на осигурениците, обврзниците, пензионерите и вработените во Фондот. Во 2015 година преку објавување актуелни текстови и ажурирање на податоците во веќе објавените материјали (статистика, финансиско работење, акции и удели и др. соопштенија), се обезбеди брз и точен пристап до сите важни информации од пензиското и инвалидско осигурување и се воспостави отворена и повратна комуникација меѓу Фондот и корисниците на услугите.

Во 2015 година, преку електронската адреса за контакт (info@piom.com.mk), поставена на веб-страницата на Фондот, пристигнаа околу 3500 прашања од различен карактер. Најголем број од прашањата се однесуваа на регулирање на податоците за стажот, кои според новата законска обврска, Фондот им ги доставува на обврзниците. Некои од прашањата се однесуваа на остварувањето разни права од пензиското и инвалидско осигурување, за исплата на пензиите, промени на лични и адресни податоци на корисниците, за користење на услугите за бањско-климатска рекреација и бесплатен туристички викенд за корисниците на пензија и др. На прашањата на нашата веб-страница се одговараше навремено и стручно во соработка со секторите во Фондот.

Проектот „Граѓански дневник“, како инструментот за подобрување на јавните услуги на Фондот на ПИОМ, продолжи да се спроведува и во 2015 година. Согласно овој проект, на веб-страницата на Владата на РМ, www.uslugi.gov.mk, објавени се услугите што Фондот ги дава на корисниците, а беа поставени и 56 прашања, главно од областа на остварувањето права од ПИО, на кои во рок од 5 дена, беа доставени стручни одговори. Во врска со овој проект, во Централата, филијалите и деловниците на Фондот, се поставени сандачиња со формулари-прашалници за граѓаните-

корисници на нашите услуги кои тие ги пополнуваат и го искажуваат своето мислење за работата и услужливоста на вработените во Фондот.

И во 2015 година, Фондот на ПИОМ продолжи со реализација на проектот на Владата на РМ – Методологијата „Барометар за квалитет на институциите", а во функција на обезбедување континуитет во квалитетот на работењето на администрацијата и поддршка за продуцирање поквалитетни услуги. Во таа насока, на барање од Министерството за информатичко општество и администрација, Фондот, двапати во годината, достави акциски планови за надминување на идентификуваните недостатоци од спроведената евалуација согласно Методологијата „Барометар за квалитет на институциите".

Библиотеката на Фондот на ПИОМ, која е наменета за потребите на Менаџментот и вработените во Централата, филијалите и деловниците, во 2015 година, на користење издаваше стручни книги, закони, службени весници, лектири и белетристика, речници, дневен печат и друго, со водење евиденција, односно картотека за давање и примање на истите.

Со пописот на крајот од годината, констатирано е дека Фондот располага со библиотечен фонд од 2.074 наслови, од кои: стручна литература, закони и речници (464) и белетристика (1.610).

Во Фондот на ПИОМ, во 2015 год., редовно се преведуваа од македонски на албански јазик сите материјали за седниците на Управниот одбор, веб-страницата, гласилото „Информатор", како и бројни формулари и обрасци во врска со правата од ПИО. Така, во 2015 година преведени се материјалите за одржаните 25 седници на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, 13 текстови за „Информатор", повеќе соопштенија за јавноста, објавените текстови и табели за веб-страницата на Фондот, а се реализираше и симултан превод на сите седници на Управниот одбор.

Во Фондот, со акт на директорот се назначени и службени лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер со кои располага Фондот, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Службените лица

како посредници при остварувањето на правото за слободен пристап до информациите на Фондот, водат писмена кореспонденција со барателите на информации за што е воведена посебна евиденција. Согласно горенаведениот закон, за 2015 година подготвен е Годишен извештај за спроведување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Фондот, кој е составен дел од Годишниот извештај на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер при Владата на Република Македонија.

Во текот на 2015 година, од страна на барателите (физички и правни лица) поднесени се повеќе барања, усно, писмено и по електронски запис (по пат на е-mail). По сите поднесени барања навреме е постапено, и е одговорено во координација со стручните служби во Фондот, на начин назначен од страна на барателите.

Заради подобра комуникација со граѓаните, во Фондот работи и Кол-центарот, (02/15-215), кој е постојано отворен за јавноста, при што се даваат одговори на поставените прашања од страна на физичките, или правни лица. Во 2015 година, пристигнати се 13.254 повици и по истите е одговорено на поставените прашања од граѓаните. Најголемиот дел од прашањата се однесувале на проектите за бањско-климатската рекреација и викенд туризмот за корисниците на пензија, но и за регулирањето на пензискиот стаж и остварувањето на други права од ПИО.

Во 2015 год., Фондот на ПИОМ посвети особено големо внимание за унапредување на информирањето и односите со јавноста, со цел зголемување на транспарентноста и приближување на Фондот до осигурениците, корисниците на пензија и медиумите, односно целокупната јавност.

# V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

## 1. Решавање барања во прв степен

Во текот на 2015 година во филијалите на Стручната служба на Фондот, беа поднесени вкупно 31.330 барања за остварување права од пензиското и инвалидско осигурување, од кои, 22.132 први барања за остварување право на пензија (од нив 13.273 за старосна пензија, 3.162 за инвалидска пензија и 5.697 за семејна пензија), 2.574 барања за остварување права од инвалидското осигурување (телесно оштетување, не постои инвалидност, професионална неспособност за работа, општа неспособност за работа) и 6.624 повторни барања.

**Табела бр.21:** Вкупен број на поднесени и решени барања по видови, со состојба 31 декември 2015 година

| Ред. бр. | Опис | Нерешени барања на почетокот на годината | Број на поднесени барања во 2013 год. | Вкупно за решавање | Решени барања | Структура | Решени барања до 30 дена | Структура | Нерешен и барања на крај на годината | Структу ра |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Први барања за остварување на пензија | 342 | 22.132 | 22.474 | 22.247 | 98,99 | 21.932 | 97,59 | 227 | 1,01 |
| 2 | Барања од инвалидско осигурување | 0 | 2.574 | 2.574 | 2.572 | 99,92 | 2.489 | 96,70 | 2 | 0,08 |
| 3 | Останати барања | 20 | 6.624 | 6.644 | 6.613 | 99,53 | 6.561 | 98,75 | 31 | 0,47 |
| | Вкупно | 362 | 31.330 | 31.692 | 31.432 | 99,18 | 30.982 | 97,76 | 260 | 0,82 |
| | Решени барања од 35 до 60 дена по сите основи | | | | | | 450 | 1,43 | | |
| | Вкупно решени барања | | | | | | 31.432 | | | |

Во текот на 2015 година за решавање имаше 31.692 барања по сите основи за остварување права од пензиското и инвалидско осигурување, од кои, 22.474 први

барања за остварување право на пензија, 2.574 барања од инвалидско осигурување и 6.644 останати барања.

Во 2015 година, заедно со пренесените барања од 2014 година, вкупно за решавање имаше 31.692 први барања, од кои се решени 31.432, или 99,18%. Постапката за решавање на барањата трае до 30 дена и од 35-60 дена. Во рок од 30 дена решени се 30.982 барања, или 97,76%, додека постапката за решавање од 35-60 дена се вршеше кај 450 барања, или 1,43% од вкупно решените барања.

Во 2015 година, од вкупно 22.247 решени први барања, 13.399 се однесуваат на старосна пензија, или 60,23%, 3.133 или 14,08% се за инвалидска пензија и 5.715 барања или 25,69% за семејна пензија, за надоместок за инвалидско осигурување се решени 2.572 барања, или 11,56% и останати барања се решени 6.613, или 29,72%

Структурата на решените барања е дадена во следниот графикон:




На крајот на 2015 година имаше нерешени 260 барања, или 0,82% од вкупниот број за решавање, односно 227 нерешени барања од старосна пензија, 2 барања од инвалидско осигурување и 31 останато барање.

Во 2015 година, поднесени се 6.624 останати барања и заедно со нерешените 20 барања од претходната година, вкупните барања изнесуваат 6.644. Од нив, решени се 6.613, а останале за решавање 31 барање.

Вкупно решените први барања за остварување на старосна, инвалидска и семејна пензија, барањата од инвалидско осигурување, како и останатите барања, во 2015 година, изнесуваат 31.432 барања и во споредба со 2014 година (29.891) зголемен е бројот за 1.541 барање, или за 5,16%, и истите се дадени во следната табела:

**Табела бр.22:**

| Вид на пензија | 2014 | 2015 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Старосна пензија | 12.407 | 13.399 | 108,00 |
| Инвалидска пензија | 3.072 | 3.133 | 101,99 |
| Семејна пензија | 5.368 | 5.715 | 106,46 |
| Надомест за инвалидско осигурување | 2.678 | 2.572 | 96,04 |
| Останати барања | 6.366 | 6.613 | 103,88 |
| **Вкупно** | **29.891** | **31.432** | **105,16** |




Бројот на решените барања за старосна пензија во 2015 во однос на 2014 година се зголемени за 992, или за 8,0%, поради зголемениот број на старосна пензија.

## 2. Извештај за работата на Одделението за норматива, следење и примена на правните прописи и за постапување по претставки

Во Фондот на ПИОМ, примената на прописите, давањето насоки до филијалите на Фондот за постапување по предмети, одговарањето до институции и странки, како и други задолженија, во текот на 2015 година е од големо значење за законито и правилно работење. Во ова одделение, во 2015 година, извршени се следните активности:

- Извршена е ревизија на **17.085** решенија за остварено право од ПИО и за секој предмет е изготвен соодветен записник, во зависност од оценката на законитоста на решенијата,

- Одговорено е на **270 претставки** поднесени од: Кабинетот на претседателот, од Владата на РМ, од Министерството за труд и социјална политика, МВР, МИОА, Народниот правобранител, Државниот управен инспектор, странките, како и одговори на Одделението за исплата на пензии и пензиски примања,

- Дадни се насоки по **35 предмети** доставени од филијалите на Фондот на претходна согласност, со појаснување за натамошно постапување по поднесеното барање на осигуреникот,

- Поднесени се барања до Министерството за труд и социјална политика за измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во делот на конечноста на решенијата,

- Учествувано е во изготвување на Законот за националната база на податоци за лица со инвалидност, Законот за инвалидни лица, како и усогласување на Законот за ПИО со Законот за општа управна постапка,

- Подготвена е процедура за начинот на вршење на ревизија на донесени решенија за остварено право од пензиското и инвалидското осигурување во прв степен,

- До Секторот за ИТ доставени се барања за интервенција во апликацијата, со нови теркови на решенија за докуп на стаж, за правото на старосна пензија на

земјоделците, со примена на Законот за старосно осигурување на земјоделците, како и за остварување право на старосна пензија на членови во вториот пензиски столб,

- Дадени се упатства до филијалите на Фондот за еднообразна примена на одредбите од Законот во делот на докуп на стаж и признавање право на земјоделска старосна пензија, заедно со терковите на решенијата за остварување на правото, како и во делот на начинот на остварување на правото на пензија на членовите на вториот столб,

- Постојана комуникација со пензиските друштва на НЛБ и КБ друштвата,

- Продолжи учеството во проектот „Денови за вас" во организација на Министерството за труд и социјална политика,

- Изготвени се извештаи до Владата на Република Македонија за постапување по претставките во законскиот рок, за секое тромесечие од 2015 година,

- Редовно, неделно се врши анализа на корисниците на пензија за кои од ИТ се добиваат списоци дека се вработени, односно дека имаат пријава за осигурување, а немаат одјава,

- Дадени се одговори до приватните пензиски држтва на нивно барање за починати осигуреници, членови на вториот столб, кои оствариле право на инвалидска и семејна пензија според Законот за ПИО,

- Дадени се одговори по прашања од Групата за комуникации во ПИОМ, поставени од странки по е-маил, или со нивно присуство, кои се однесуваат за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување,

- Учество во повеќе комисии формирани од директорот на Фондот на ПИОМ, Комисија за утврдување на штети, Комисија за систематизација на работните места и Колективниот договор на Фондот, Комисија за утврдување на незаконитост во одредени предмети и друго

## 3. Остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување

Фондот на ПИОМ и во 2015 година продолжи да ги извршува тековните работи како носител на осигурување и орган за врска надлежен за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување при примена на меѓународните договори за социјално осигурување.

Во непосредното спроведување на договорите за социјално осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија преку Одделението за спроведување на меѓународни договори при Централата на Стручната служба, во 2015 година се извршени следните работи:

- Од осигурениците, или преку странските носители на осигурување во 2015 година се примени 2.616 први и 1.470 други барања (барање за обнова на постапка, ускратни решенија за семејна пензија и ускратни решенија за најнизок износ на пензија) и заедно со нерешените 1.414 барања од 2014 година, или вкупно 5.500 предмети, а во 2014 година 5.259 предмети или 4,6% повеќе во 2015 година,

- Од вкупно 5.500 предмети заедно со нерешените барања од 2014 година, решени се и контролирани 3.820 барања за пензија, или 69,5%, за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување врз основа на работењето на осигурениците во странство. Останува за работа уште 1.680 барања од 2015 година, или 30,5%.

**Табела бр.23:** Број на барања за решавање и решени барања

| Ред. број | Опис | 2014 година | 2015 година | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пренесени барања | 946 | 1.414 | 149,5 |
| 2 | Примени барања | 4.313 | 4.086 | 94,7 |
| 3 | Вкупни барања | 5.259 | 5.500 | 104,6 |
| 4 | Решени барања | 3.845 | 3.820 | 99,4 |
| 5 | Нерешени барања | 1.414 | 1.680 | 118,8 |




| | Пренесени барања | Примени барања | Вкупни барања | Решени барања | Нерешени барања |
|---|---|---|---|---|---|
| 2014 година | 946 | 4.313 | 5.259 | 3.845 | 1.414 |
| 2015 година | 1.414 | 4.086 | 5.500 | 3.820 | 1.680 |

Бројот на решените барања во 2015 во споредба со 2014 година, е намален за 25 барања, или за 0,69%, а нерешените барања на крајот на 2014 година изнесуваат 1.680 и во споредба со 2014 година, е зголемен за 266 барања.

Од горенаведените податоци, може да се констатира дека, оваа година поднесените барања се зголемени во однос на претходната 2014 година, а е намален и бројот на решените барања.

До странските носители на осигурување, обработени се на двојазични обрасци и поднесени 1.858 барања за пензии.

- По поднесените барања за остварување право на пензија е водена кореспонденција со странките и подрачните единици и странските носители, со цел за докомплетирање на барањата и побрзо остварување на правата, или 5.110 кореспонденции,

- Покрената е постапка по 2119 барања за утврдување на пензиски стаж навршен во странство за осигурениции кои не остваруваат право на пензија и реципрочно за потребите на странските носители е потврден македонскиот стаж со соодветни двојазични обрасци,

- Дадени се 243 предмети на Првостепената инвалидска комисија за оцена на работната способност ,

- Во извештајниот период пристигнат е голем број поднесоци за кои е даден одговор на истите.

Во непосредно спроведување на меѓународните договори во Фондот е извршен превод на 4.364 страници.

## 4. Работа на Одделението за оцена на работната способност

Оцената на работната способност во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување е од големо значење, бидејќи по основ на инвалидност и телесно оштетување се остваруваат долгорочни материјални права од пензиското и инвалидско осигурување.

Во смисла на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, инвалидност постои кога кај осигуреникот, поради трајни промени во здравствената состојба која е причинета од повреда при работа, надвор од работа, или со професионална болест, кои не можат да се отстранат со лекување, или со мерка на медицинска рехабилитација, ќе настапи намалување, или губење на работната способност за вршење на работите на работното место на кое тој бил распореден пред настанување на инвалидност. Со стапување во сила на новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување од 01.08.2012 год., покрај утврдување на инвалидност по категории, изразена во проценти, се утврдува и инвалидност доколку работната способност на осигуреникот е намалена за 50%, со што, истиот може да работи со скратено работно време, или да биде распределен на друга соодветна работа согласно со прописите кои се применуваат од работните односи и Колективниот договор. Инвалидноста, како основ за остварување право од пенизко и инвалидско осигурување, ја утврдува Комисијата за оцена на работната способност врз основа на извршен увид во медицинската, работната и друга документација, како и врз основа на непосреден преглед на осигуреникот.

Оценувањето на работната способност на осигуреникот ги опфаќа сите работи кои одговараат на неговите телесни и психички способности, а се смета дека

одговараат на неговите досегашни работи. Оцената на работната способност на идивидуалниот земјоделец ја опфаќа работата врз основа на која е задолжително осигуран согласно овој Закон.

Во 2015 година, Комисијата за оцена на работната способност работеше во 3 состави од по 2 члена лекари специјалисти и еден лекар специјалист - комплетант и истата редовно и навреме ги извршуваше обврските и донесуваше Наод, оцена и мислење и во предмети кај кои се применува билателарен Договор за социјално осигурување.

Во 2015 година, во Архивата на Првостепената комисија за оцена на работна способност се примени и заведени 5.947 предмети, додека во 2014 година се примени 6.064 премети, или 117 предмети помалку, или за 2% и истите предмети се комплетирани. Што се однесува до предметите по Задолжителен контролен преглед, комплетирани и поканети се 807 лица. Писма испратени до подносителите за докомплетирање на работната и медицинска документација има вкупно 593, а на 83 предмети им била прекината постапката по член 14 од истиот Правилник.

| | |
|---|---|
| - Заведени премети | 5.947 |
| - Решени предмети со донесен наод | 4.823 |
| - Прекината постапка поради смрт | 31 |
| - Прекината постапка по чл.14 | 83 |
| - Вратени во ПЕ по процедура за оставарување | |
| - Права од ПИО од 18.04.2012 под бр.02-2164/1 | 711 |
| - Не се јавиле на непосреден преглед | 299 |

Комисијата за оцена на работната способност во 2015 од 2014 година имаше пренесени за решавање 1.004 предмети во вкупно 6.243 комплетирани предмети за решавање од 2015 година, и врз основа на утврдената фактичка состојба, во 2015 година донела вкупно 4.823 наоди, а во 2014 година 5.060 наоди, што е помалку за 237 наоди.

Од вкупниот број на поднесени барања, Комисијата донесе 4.016 наоди за оценка на работната способност, во 2014 година имаше 4.239 наоди, од нив 48 наоди за остварување на правото по меѓународни договори, а во 2014 година 78 наоди, здравствена заштита во 2014 година, 1 наод, додека во 2015 година нема, 340 наоди за утврдување на процентот на телесно оштетување како единствено право, додека во 2014 година имаше 373 такви наоди.

Структурата и видот на вештачените барања во 2015 година е следната:

-1.119 барања, или 30,4% за остварување право на пензија, (во 2014 година 1.300 барања), и тоа: 739 барања или 18,4% за општа неспособност, а за работа во 2014 година 792 барања, нема барања и понатаму за општа неспособноста за работа, 1 барање во 2014 година и 380 барања или 9,46%, професионална неспособноста за работа со право на пензија, а во 2014 година 508 барања,

-209 барања или 5,7% за намалена работна способност со скратено работно време, а во 2014 година 176 барања,

- 117 барања или 3,2% за промена на работно место, а во 2014 година, 118 такви барања,

- 123 барања, или 3,4% и понатаму намалена работна способност, а во 2014 година 146 барања,

- нема барања каде лекувањето не е завршено,

- 1.656 барања, или 45,1% - не постои инвалидност, а во 2014 година 1.607 барања,

- 23 барања или 0,6% - други случаи, а во 2014 година 11 барања,

- 303 барања, или 7,8% повторни прегледи, а во 2014 година 461 барање,

- 145 барања или 3,9% за семејна пензија, а во 2014 година 126 барања,

- 48 наоди или 1,3% за странски носители, а во 2014 година 78 наоди.

**Табела бр.24**: Решени барања за оцена на работната способност по видови во 2015 и 2014 година дадени се во следната табела:

| ред. број | Вид на случаи | 2015 година | | 2014 година | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | структура | број | структура | 2015/2014 |
| 1 | Општа неспособност за работа | 1.119 | 30,4 | 1.300 | 33,6 | 86,1 |
| 2 | Скратено работно време | 209 | 5,7 | 176 | 4,6 | 118,7 |
| 3 | Промена на работа | 117 | 3,2 | 118 | 3,1 | 99,2 |
| 4 | И понатаму намалена работна способност | 123 | 3,4 | 146 | 3,8 | 84,3 |
| 5 | Лекувањето не е завршено | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 6 | Не постои инвалидност | 1.656 | 45,1 | 1.607 | 41,6 | 103,1 |
| 7 | Други случаи | 23 | 0,6 | 11 | 0,3 | 209,1 |
| 8 | Повторни прегледи | 236 | 6,4 | 303 | 7,8 | 77,9 |
| 9 | Семејна пензија | 145 | 3,9 | 126 | 3,3 | 115,1 |
| 10 | Наоди за странски носители | 48 | 1,3 | 78 | 2,0 | 61,5 |
| | ВКУПНО I | 3.676 | 100,0 | 3.865 | 100,0 | 95,1 |
| 1 | Здравствена заштита | 0 | 0 | 1 | 0 | 0,0 |
| 2 | Телесно оштетување | 340 | 29,6 | 373 | 31,2 | 91,1 |
| 3 | Контролен преглед | 807 | 70,4 | 821 | 68,7 | 98,3 |
| | ВКУПНО II | 1.147 | 100 | 1.195 | 100 | 96,0 |
| | ВКУПНО (I+II) | 4.823 | 100 | 5.060 | 100 | 95,3 |

Структурата на вештачените барања може да се види од следниот графикон:



Од податоците во табелата за решени барања од страна на Комисијата за оцена на работната способност во 2015 година, се гледа дека работата се одвиваше навремено, а предметите во најкратоток рок беа решавани со 77,3% решени во однос на вкупно поднесените, односно комплетирани барања.

**Табела бр.25:** Бројот на донесените наоди за оцена на работната способност по години е следниот:

| Година | Оцена на работната способност | Телесно оштетување | Туѓа нега и помош | Други барања | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1991 | 15.074 | 498 | 1.448 | 11.191 | 18.211 |
| 1992 | 13.080 | 359 | 1.209 | 1.105 | 15.761 |
| 1993 | 14.347 | 258 | 1.523 | 457 | 16.585 |
| 1994 | 13.114 | 327 | 1.783 | 558 | 15.782 |
| 1995 | 12.529 | 323 | 3.128 | 726 | 16.706 |
| 1996 | 10.773 | 315 | 5.157 | 845 | 17.090 |
| 1997 | 13.493 | 458 | 6.088 | 475 | 20.514 |
| 1998 | 13.796 | 510 | 7.057 | 414 | 21.777 |
| 1999 | 11.940 | 492 | 9.380 | 383 | 22.195 |
| 2000 | 10.738 | 467 | 11.357 | 379 | 22.941 |
| 2001 | 11.557 | 436 | 13.441 | 220 | 25.654 |
| 2002 | 10.530 | 423 | 16.364 | 277 | 27.594 |
| 2003 | 10.762 | 456 | 14.090 | 317 | 25.625 |
| 2004 | 8.936 | 421 | 15.544 | 238 | 25.139 |
| 2005 | 8.770 | 432 | 15.797 | 146 | 25.145 |
| 2006 | 8.450 | 402 | 13.273 | 293 | 22.418 |
| 2007 | 7.397 | 345 | - | 963 | 8.705 |
| 2008 | 6.605 | 297 | | 1.689 | 8.591 |
| 2009 | 6.221 | 358 | | 1.069 | 7.648 |
| 2010 | 4.479 | 254 | | 1.110 | 5.843 |
| 2011 | 3.225 | 201 | | 561 | 3.987 |
| 2012 | 5.131 | 401 | | 959 | 6.491 |
| 2013 | 4.678 | 415 | | 833 | 5.926 |
| 2014 | 3.776 | 373 | | 911 | 5060 |
| 2015 | 3.605 | 340 | | 878 | 4.823 |

Според податоците од табелата, произлегува дека во 2015 година има намалување на донесените наоди за оцена на работната способност во однос на претходната година.

Кога се работи за времена инвалидска пензија и постапка на задолжителен контролен преглед, постапува Комисијата за задолжителен контролен преглед на корисниците на времена инвалидска, односно семејна пензија. Во периодот од 01.01. до 31.12.2015 година, оваа Комисија вештачела 807 случаи, а во 2014 година 821 случај и донела толку соодветни наоди.

Ревизија на сите наоди на Комисијата за оцена на работната способност, со кои е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа, како и по случаен избор и ревизија кај негатвни наоди, врши Комисијата за ревизија на наодот, оценката и мислењето за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, основана од министерот за труд и социјална политика.

Во 2015 година, Комисијата за оцена на работната способност до Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика, има доставено вкупно 2.666 наоди (1.543 позитивни и 1.123 негативни).

Од доставени 1.543 позитивни наоди, Комисијата за ревизија потврдила 1.538 наоди, или 99,7% од вкупниот број, а непотврдила 5 наоди, или 0,3%.

Исто така, од 1.123 доставени негативни наоди до Комисијата за ревизија при Министерсрвото за труд и социјална политика, истата потврдила 851 наод, или 75,8%, а непотврдила 272 наоди, или 24,2 %.

Во вкупниот број на доставени наоди од ОРС до МТСП, внесени се сите донесени наоди од првостепена постапка, како и предметите од задолжителен контролен преглед, семејни пензии, како и наодите кои произлегуваат од меѓународните договори на лица кои живеат во странство, а се носители на пензии од странскиот орган.

## 5. Матична евиденција

Во 2015 година, во Централата на Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, се спроведуваа задачите кои произлегуваат од тековното работење на Одделението и задачите кои се однесуваат на спроведување на процесите неопходни за функционирање на пензискиот систем.

Во Централата и во филијалите и деловниците на Фондот, се одвиваа активности поврзани со обезбедување точни, комплетни, ажурни бази на податоци за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот, како и за корисниците на права од пензиското и инвалидско осигурување.

Во таа насока, Одделението активно учествуваше и соработуваше со другите одделенија во Централата на Стручната служба, во насока да продолжи модернизацијата и автоматизацијата на деловните процеси.

Во извештајниот период, посебно се истакнуваат следните активности:

- Подготовка на деловни барања за измени и дополнувања во апликациите за водење на евиденциите за осигурениците, обврзниците и корисниците на правата од ПИО;

- Склучување на договори за соработка и размена на податоци со други институции;

- Учество во спроведување на размена на податоците со институциите со кои се склучени договори за соработка;

- Подготовка на известувања до филијалите и деловниците за прашања кои се од областа на матичната евиденција;

- Подготовка на предлог- текстови на следните подзаконски акти:

- Спроведување на инструктажа и увид во работењето на филијалите и деловниците на Фондот. Во текот на 2015 година, Одделението за матична евиденција од Централата на Стручната служба на Фондот, изврши инструктажа и увид во работењето на филијалите и деловниците на Фондот.

Од увидот произлегоа сознанија, кои укажуваат дека филијалите и деловниците различно ги применуваат законските решенија, утврдените постапки и процедури за работа, и покрај тоа што во сите службени дописи се давани укажувања за професионално и законито извршување на задачите, бидејќи во постапките учествуваат повеќе субјекти почнувајки од доставувањето, контролата, утврдувањето и скенирањето на податоците од матичната евиденција.

Како резултат на констатациите, изготвени и доставени се препораки до сите филијалаи и деловници на Фондот.

- Соработка на Фондот со институциите поврзани со реформираниот пензиски систем.

- Членство во приватниот пензиски столб и одржување на регистарот на членови во приватните пензиски фондови.

- Постапување по барањата за следење и обезбедување на преписи од оригиналот на микрофилмуваните пријави.

- Подготовка на одговори на барања на надворешни институции и физички лица кои се во рамките на надлежноста на матичната евиденција.

Според анализата на спроведениот внос на податоците во системот за автоматска обработка на податоците, во 2015 година, од страна на непосредните извршители внесени се **535.900 пријави во податоци за стаж на осигурување и плати**, од кои, со податоци кои се однесуваат на претходната, 2014 година, се **155.713** пријави.

Во зависност од начинот на кој обврзниците за плаќање на придонесот ги пријавиле податоците (електронски, или преку обрасци на пријави), овој број на пријави опфаќа **374.870 пријави кои се добиени по електронски пат, односно се генерирани и потоа утврдени** (за периодите по 2006) и **161.030** пријави кои се **интерактивно внесени од страна на референтите** во службите за матична евиденција, (за периоди пред 2006 година), во системот за автоматска обработка на податоците.

Во текот на 2015 година, во Стручната служба на Фондот во Секторот за информатика во соработка со Одделението за матична евиденција, извршена е масовна контрола и евидентирање на стажот на осигурување, на ниво на година и даночен број на обврзниците за плаќање на придонесот.

На овој начин, по автоматски пат утврдени се следниот број на пријави:

| Година | Број на пријави |
|---|---|
| 2006 | 26.864 |
| 2007 | 60.614 |
| 2008 | 3.3420 |
| 2009 | 65.710 |
| 2010 | 73.216 |
| 2011 | 95.560 |
| 2012 | 129.567 |
| 2013 | 214.497 |
| 2014 | 351.319 |
| Вкупно | 1.050.767 |

## 6. Исплата на пензии

Една од основните функции на Фондот при спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување, е исплатата на пензиските примања на корисниците на пензија. И во 2015 година, во првата недела од месецот се вршеше исплата на пензиите за претходниот месец, а обработката на пензиите се вршеше во соработка со Секторот за информатика.

- Подготвени и исплатени редовни месечни исплати на пензии за корисници на пензии од работничко осигурување, воени пензии земјоделски минимални пензии, како и исплата во поранешни ЈУ-републики и трансфер .
- Извршено е усогласување на пензиите во 2015 година за 621,00 денар за сите корисници на пензија кои право на пензија оствариле заклучно со 30.09.2015 година согласно Законот за измени и дополнување на Законот за ПИО од 2014 година.

- Подготвени и исплатени се вонредни исплати за починати корисници на пензија во Р.Македонија и странски држави.
- Обработка, печатење, проверка и отворање на финансови досиеја за нови решенија кои се донесени за корисници на пензија кои за првпат стекнале право на пензија.
- Обработка, печатење, проверка на решенија донесени од страна на филјалите на Фондот, за обнова на постапка, ускратни решенија и др .
- Постапување по решенија, пресметка и контрола на истите.
- Прием, евидентирање, скенирање и постапување по налози за извршување, доставени од страна на извршителите.
- Примени и обработени уверенија за живот во март и ноември 2015 година, на корисници на пензија на кои исплатата се врши во поранешните ЈУ-републики, трансфер и на корисниците на пензија во Р.Македонија за кои исплатата се врши преку овластено лице, корисници на пензии по основ на неспособност за работа и самостоен живот, како и други категории на корисници на пензии.
- Исклучување од исплата на корисниците на пензија кои на барање на Фондот, во определениот рок, не доставиле потврда за живот во мај и декември 2015 година.
- Доставување на известување за прекинување на право на исплата за корисници на пензија, кои и по втората достава, немаат испратено Уверение за живот.
- Прием, скенирање и евиднетирање на школски потврди во текот на октомври, ноември и декември 2014 година за корисници кои користат право на пензија по основ на школување.
- Пасивирање на исплатата за корисници по основ на школување, кои во определениот рок не доставиле потврда за школување во октомври и ноември 2015 година.

- Пасивирање на исплатата за корисници по основ на школување кои имаат наполнето 15 години возраст, а истите немаат доставено Потврда за школување.
- Пасивирање на исплатата на месечно ниво за корисници на семејни пензии по основ на школување кои имаат наполнето 26 години возраст, како и доставување на известие до филијалите на Фондот за ускратување на нивното право на пензија.
- Анализа на извршената исплата на пензии во однос на износот на пензијата, промена на статус, адреса и друго.
- Редовната исплата на пензии во определениот рок за исплата, односно во период од 1 до 7 во месецот.
- Секојдневно, од 8.30 до 16.30 часот, во рамките на шалтерската служба е вршен прием на странки, при што, е одговорено на нивните барање како на пример : издадени се обрасци – потврди, како и решавање на спорните исплати на корисниците на пензија.
- Пресметка, изготвување и доставување на пресметки за сторена преплата до Одделението за правни работи .
- Зголемена контрола на новите решенија кои секојдневно пристигнуваа во одделението, со што, кај случаите каде се утврдени недостатоци, решенијата се враќани назад во филијалите на Фондот за корекција.
- Комуникација со Управата за водење на матични книги за обезбедување на податоци за починати корисници на пензија, пасивирање на исплата и изготвување на пресметка за сторена преплата.

## 7. Имотно-правно работење

Во Одделението за правни работи за 2015 година по основ на штети се евидентирани вкупно 245 предмети по кои Фондот побарува вкупен износ од

2.169.075,00 денари, што за споредба со 2014 година кога се евидентирани по основ на штети вкупно 451 предмет со вкупно побарување во износ од 41.711.345,00 денари, што претставува намалување на бројот на предметите каде што е евидентирана штата за Фондот за 54%, додека во однос на паричните средства намалување за 39.542.270,00 денари.

Во 2015 година поднесени се вкупно 41 тужба по разни основи за кои Фондот побарува износ од 18.749.216,50 денари.

Во текот на 2015 година во корист на Фондот добиени се 82 пресуди во вкупен износ од 19.321.137,00 денари, од кои наплатени се 3.378.390,00 денари. Во овој контекст треба да се нагласи дека наплатата на побарувањето на Фондот се спроведува согласно Законот за извршување со доставување на барање за извршување до извршител врз основа на правосилна и извршна пресуда.

Врз основа на Заклучок донесен од Управниот одбор на Фондот бр.02-638/1 од 30.01./2013 година и бр.02-3668/1 од 24.06.2013 година, како и врз основа на Решението за формирање комисија донесено од директорот на Фондот бр.03-1899/1 од 20.03.2013 година, Фондот своето побарување по основ на несонована исплата на пензија го наплаќа и на начин што на должниците им се овозможува долгот да го враќаат на рати, а кои се јавуваат на опомената која што им се доставува од Фондот. Моментално за 64 предмети каде што вкупното побарување на Фондот изнесува 7.452.161,00 денари долгот се враќа на рати, при што е наплатено 4.261.482,00 денари.

## 8. Органи на управување на Фондот

### *1. Управен одбор*

Работата на Управниот одбор во 2015 година, беше остварена согласно статутарните одредби и Програмата за работа на Управниот одбор за 2015 година, а во интерес и унапредување на пензиската политика во нашата држава. Како највисок орган на управување со Фондот на ПИОМ, Управниот одбор е составен од седум

членови именувани од Владата на Република Македонија за време од четири години. Од вкупниот број на членови, пет члена, односно по еден претставник се именуваат на предлог на: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Репрезентативниот синдикат член на Економско социјалниот совет, Репрезентативното здружение на работодавачите член на Економско социјалниот совет и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Управниот одбор на Фондот од своите редови избира претседател и заменик претседател за време од една година и за својата работа, најмалку еднаш годишно, поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

Управниот одбор на Фондот во 2015 година ги реализираше следните активности:

- Ја донесе Програмата и Планот за работа за 2015 година,
- Го утврди Предлог-буџетското барање за 2016 година до Министерството за финансии,
- Ја усвои Завршната сметка на Фондот и Елаборатот за попис за 2014год.,
- Се грижеше за редовна уплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување,
- Одлучуваше за користење на средствата на Фондот,
- Одлучуваше за продажба на имотот во сопственост на Фондот,
- Одлучуваше за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал,
- Се грижеше и ја следеше исплатата на посмртната помош на корисниците на пензија и на издвоените средства од пензиите за членарина,
- Разгледуваше прашања, извештаи, информации и други материјали во врска со состојбите и проблемите од пензиското и инвалидско осигурување и други работи од надлежноста на Фондот.

Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, во 2015 година, одржа 25 седници, на кои беа разгледани, дискутирани и вреднувани вкупно 78 материјали. Притоа, беа

донесени 39 одлуки, 4 правилници и 3 програми, усвоени 23 информации и 5 извештаи, а беа донесени и годишни планови за работа на Фондот на ПИОМ за 2015 и 2016 година, Буџет на Фондот на ПИОМ за 2016 год, Стратешки план на Фондот за периодот од 2016 до 2018 година.

За Државниот архив на Република Македонија, направен е опис и попис на архивска граѓа од трајна вредност, во која се содржани сите одржани седници на Управниот одбор на Фондот и наведени усвоените документи на седниците во 2015 година.

Управниот одбор на Фондот изврши значајна работна активност и постигна резултати кои заслужуваат вистински легитимитет дека Фондот на ПИОМ, во 2015 година одговорно и навреме ја реализира Програмата за работа, со исклучително почитување на законските документи: Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Статутот на Фондот на ПИОМ и Деловникот за работа на Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор имаа колективна и квалитетна кооперативна соработка и одговорност при донесувањето одлуки и заклучоци, како и во дискусиите по одделни материјали на седниците на Управниот одбор, во интерес на корисниците на нашите услуги, како и воспоставување тесна и квалитетна услуга и взаемна доверба со фирмите.

Може да се заклучи дека Управниот одбор на Фондот на ПИОМ во 2015 година, својата активност и работа ги имаше насочено кон одговорно и квалитетно разрешување на повеќето актуелни и приоритетни прашања од доменот на својата секојдневна работа и ангажираност, при што се постигнати значајни и афирмативни резултати на тој план.

## *2. Директор*

Директорот на Фондот раководи со истиот и го претставува пред трети лица. Во рамките на своите овластувања во 2015 година, директорот успешно ја раководеше

работата на Фондот, што придонесе да се остварат позитивни резултати во сите сегменти од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување. Директорот ја предложи Програмата за работа на Управниот одбор за 2015 година и донесе Програма за работа на Фондот. Неговото ангажирање придонесе за целосна реализација на Програмата за работа, што резултира со успеси во интерес на корисниците на нашата работа. Тој, исто така, презеде и повеќе мерки за наплата на ненаплатениот придонес заклучно со 2008 година, за што се доставени повеќе информации до Владата на Република Македонија за зголемување на наплатата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, потоа за барање согласност за вработување на упразнетите работни места, за подобрување на финансиското работење, како и за постапување по повеќе клучни прашања за вршење на дејноста на Фондот, а поврзани со постојната законска регулатива и потребата од нивна измена.

Како извршен орган на Фондот, директорот, до Управниот одбор предлагаше извештаи, анализи, одлуки и други материјали од пензиското и инвалидско осигурување, а воедно се грижеше и за извршување на одлуките, насоките и заклучоците донесени од Управниот одбор на Фондот и Владата на Република Македонија.

Како директор на Стручната служба на Фондот, ја организираше и координираше работата на вработените во Фондот и одлучуваше за остварување на нивните права од работен однос.

## *9. Стручна служба на Фондот*

### *1.Човечки ресурси*

Во 2015 година, Одделението за човечки ресурси во целост го реализираше предвиденото во Годишната програма за планираните активности во 2015 година.

Реализирана е внатрешната политика за управување со човечки ресурси, со целосен пристап кон имплементација на Законот за работни односи, Законот за вработените во јавниот сектор, Закон за административни службеници, Законот за

ПИО и Одлуката за организација на работата и систематизација на работните места во Фондот на ПИОМ.

Согласно Законот за трансформација во редовен работен однос, а по добиена согласност од Министерството за финансии, спроведена е постапка за прием во редовен работен однос на лицата кои ги исполнуваа законски предвидените услови.

Спроведена е постапката за оценување на административните службеници во Фондот на ПИОМ, согласно Законот за административни службеници.

Изработен е Каталог на работните места во Фондот на ПИОМ и истиот е вграден во интегралниот Каталог на работните места на вработените во јавниот сектор кој го обединува Министерството за информатичко општество и администрација.

Изработени се Нацрт-правилник за внатрешна организација на Фондот на ПИОМ и Нацрт-правилник за систематизација на работните места во Фондот на ПИОМ и истите се во завршна фаза на донесување.

Се пристапи кон изработка на нов Колективен договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Продолжи ажурирањето на податоците за вработените во Фондот на ПИОМ преку софтверот за човечки ресурси – Hermes и примената е поврзана со Одделението за сметководство и плаќања и пресметката на платите за вработените се врши преку програмот – Hermes.

Се продолжи со електронската евиденција на работното време во соработка со филијалите и деловниците на Фондот, преку изработка на дневни, неделни и месечни извештаи за присутност на вработените.

Продолжена е комуникацијата со Агенцијата за вработување, спроведувањето на пријави М1-М2, ППР-пријави и одјави на вработените по сите основи: откази, пензионирање, мирување на работен однос, неплатени отсуства и сл.

Се изработија повеќе извештаи за вработените по однос на образование, работно место, националност, пол и возраст, во зависност од потребите и намената.

Месечна изработка на договори за самостојна работа за волонтерска работа.

Изготвени се решенија по основи: за распоредување, за изрекување казнени мерки, наградувања, за престанок на вработување, за платено и неплатено отсуство, годишен одмор, План за користење на годишните одмори за 2014 година и др.

Ажурирање на податоците за вработените во координација со Фондот за здравствено осигурување за добивање картони за здравствено осигурување, како и за електронските здравствени картички.

Изработка и ажурирање на Планот за одбрана во Фондот.

Изработување на одговори по жалбите на вработените кои се доставуваат преку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија до Агенцијата за администрација.

Во Стручната служба на Фондот, со состојба декември 2015 година, беа ангажирани 645 вработени. Во споредба со 2014 година, бројот е зголемен за 9 поради прием на нови вработени, согласно Законот за трансформација во редовен работен однос.

Квалификациската структура на вработените во Стручната служба на Фондот е поволна, над 60,0% се со висока и виша школска подготовка.

**Табела бр.26:** Квалификациска структура на вработените во Фондот

| Стручна подготовка | 2014 | Структура | 2015 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| Висока | 305 | 2178,6 | 308 | 47,8 |
| Виша | 76 | 542,9 | 69 | 10,7 |
| Средна | 241 | 1721,4 | 256 | 39,7 |
| Ниска | 14 | 100,0 | 12 | 1,9 |
| **Вкупно** | **636** | **4542,9** | **645** | **100,0** |




Структурата на вработените според школската подготовка, во 2015 во однос на 2014 година е на исто ниво.

**Табела бр.27:** Движење на бројот на вработените во Стручната служба на Фондот, во периодот од 1995-2015 година

| Година | Стручна служба Централа-Скопје | Подрачни единици |
|---|---|---|
| 1995 | 221 | 409 |
| 1996 | 226 | 409 |
| 1997 | 217 | 404 |
| 1998 | 216 | 395 |
| 1999 | 214 | 406 |
| 2000 | 218 | 407 |
| 2001 | 209 | 415 |
| 2002 | 216 | 419 |
| 2003 | 217 | 406 |
| 2004 | 218 | 389 |
| 2005 | 233 | 423 |
| 2006 | 256 | 448 |
| 2007 | 254 | 430 |
| 2008 | 254 | 462 |
| 2009 | 251 | 427 |
| 2010 | 263 | 474 |

| | | |
|---|---|---|
| 2011 | 258 | 451 |
| 2012 | 245 | 432 |
| 2013 | 233 | 421 |
| 2014 | 230 | 406 |
| 2015 | 252 | 393 |

Според стручната подготовка, просечната бруто плата (декември 2015 година) изнесува:

| | |
|---|---|
| ВСС | 38.695,00 |
| ВС | 33.069,00 |
| ССС | 25.744,00 |
| НСС | 20.914,00 |
| Вкупно | 32.411,00 |

Надоместокот на Стручната служба на Фондот во 2015 година изнесува 248,63 милиони денари и истиот во вкупните расходи на Фондот учествува со 0,44 % .

## *2.* Отсек за актуарство

Отсекот за актуарство во текот на 2015 година, ги извршуваше своите редовни задолженија предвидени со Програмата за работа, како и сите произлезени вонредни активности.

Со актуарскиот модел, кој е еден од главните инструменти на планирањето на политиката на пензиите, се прават проекции за состојбите во пензискиот систем врз основа на претпоставени демографски и економски параметри, како и различни претпоставки на политиката за пензии. Моделот генерира податоци за приходите и расходите на Фондот, податоци за пензиите и корисниците на пензија по вид на пензија, распределба на осигурениците помеѓу првиот и вториот столб и други значајни податоци од пензиската област.

Со цел изготвување на краткорочни, среднорочни и долгорочни проекции вработените во Отсекот за актуарство извшија ажурирање на моделот. Податоците за

пензионерите и осигурениците, како и финансиските параметри за работењето на Фондот, се обезбедуваат од базата на податоците на Фондот на ПИОМ и Одделението за буџетска координација. Демографските податоци се обезбедуваат од Државниот завод за статистика, а макроекономските индикатори од Министерството за финансии. По ажурирањето на моделот се креираат различни сценарија и се добиваат излезни резултати за различни параметри значајни за пензискиот систем. Проекциите кои се резултат на претпоставките, покажуваат што би се случило во иднина доколку се остварат дадените економски и демографски претпоставки.

Со користење на актуарскиот модел, Отсекот за актуарство во текот на 2015 година изготвуваше различни сценарија, пресметки, анализи и предвидувања за потребите на Фондот и на барање на Министерството за труд и социјална политика, МАПАС и други надворешни институции.

На барање на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, беа подготвени и доставени долгорочни актуарски проекции за бројот на членовите, уплатените придонеси и акумулираните средства во вториот столб. Проекциите вклучуваа три сценарија, со различни макроекономски и демографски податоци.

Изготвување на проекции за Буџетот на Фондот, во соработка со Одделението за буџетска координација, во повеќе различни сценарија, за периодот 2016-2018 година, беа дел од активностите во текот на годината. Истите беа пополнети и поднесени во буџетскиот циркулар согласно насоките од Министерство за финансии.

На почетокот на годината на барање на Министерството за труд и социјална политика беше направена анализа на финансиските ефекти врз Фондот на ПИОМ од евентуални измени во Законот за ПИО во делот на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење. Барањето беше, стажот на осигурување што се смета со зголемено траење да се засметува во намалување на возрасната граница онолку колку што е платен, а не како што е во постојниот Закон каде што одредбите се врзани

за наврешена бенефиција само од една година, без засметување на остатокот од бенефицијата поминат во месеци.

Во истиот период, повторно на барање на Министерството за труд и социјална политика, беше изготвена анализа и Информација за финансиските ефекти врз Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија доколку се дозволи осигурениците кои што имаат неплатен пензиски стаж во фирми кои што се ликвидирани, а имаат најмалку 64 и повеќе години старост (мажи) и 62 и повеќе години старост (жени), да може сами да го платат придонесот за ПИО за сите години за кои што придонесот не е платен. Со плаќањето на неплатениот придонес, овие осигуреници би се стекнале со право на пензија, или би оствариле повисока пензија, во моментот кога ќе се изврши плаќањето на истиот.

Остекот за актуарство повторно во соработка со Одделението за буџетска координација, помогна со изработка на финансиски анализи во измените на постојната систематизација во Фондот на ПИОМ и нејзино прилагодување со Законот за административни службеници.

Паралено со сите претходно наведени активности, Отсекот работеше на подготвување на Извештајот за пензискиот систем во Република Македонија со актуарски проекции за 2014 година.

### 3. Одделение за внатрешна ревизија

Одделението за внатрешна ревизија во текот на 2015 година, ги извршуваше своите работни задачи предвидени во Стратегискиот план за извршување на ревизија од 2015-2017 година и Годишниот план за ревизија за 2015 година, со цел преку своите наоди, препораки и забелешки на раководителот на субјектот да му обезбеди независно, разумно, објективно уверeување и совет, со цел подобрување на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Внатрешната ревизија ги спроведува своите работни задачи согласно прифатените стандарди за професионално извршување на ревизија, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Повелбата за внатрешна ревизија, како и Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори.

За секоја спроведена ревизија се изготвува целокупна документација која го претставува ревизорското досие, кое е селектирано и подредено со број, поради организираност во извршувањето.

Покрај спроведените ревизии, Одделението за внатрешна ревизија во текот на 2015 година ги извршуваше и следните активности:

- Изготвување на изјавата за квалитет на состојбата за внатрешните контроли за 2015 година, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09, 188/13 и 192/15).
- Изготвување на Годишен план за 2015 година и Стратегиски план за 2015-2017 година за работата на Одделението за внатрешна ревизија, кој е одобрен од директорот на ФПИОМ и доставен до Министерството за финасии.
- Учество во подготовката на Стратегискиот план на ФПИОМ за 2015-2017 година.
- Согласно меѓународните стандарди за извршување на внатреша ревизија, Одделението за внатрешна ревизија има изготвено **регистар на препораки** кој редовно се ажурира по издадени извештаи, или спроведени препораки. Ажурираниот регистар на препораки од 25.01.2016 година содржи четиринаесет (14) конечни извештаи од внатрешната ревизија и се опфатени седумдесет и две (72) препораки, во времето на нивното ревидирање. Ажурираниот регистар на препораките од 25.01.2016 година, ги има опфатено периодот на извршени ревизии од 2013 до 2015 година, во него се сместени наоди и препораки од процеси за кои и денес треба подобрување.

- **Регистарот на ризици** се ажурира најмалку еднаш годишно, со сопствена проценка за ризиците кои се закана за работењето на ФПИОМ. Регистарот на ризици содржи 143 проценети ризици од четирите сектори во ФПИОМ, проценките се направени врз основа на ревизии кои се спроведени во изминатиот период, или по процедури за работа од одделението.
- Во текот на 2015 година беше изработен **Ревизорски универзум,** кој е составен документ на Стратегискиот план на Одделението за внатерешна ревизија за период од 2016 – 2018 година. Овој документ се користи за проценка на ризици при планирање на ревизиите. Ревизорскиот универзум ги дефинира клучните процеси и цели на тие процеси за да ги оцени со факторите на ризик.
- Во период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година, спроведени се ревизии согласно Годишниот план и измените и дополнувањата на истиот за 2015 година. Во текот на 2016 година предвидено е спроведување на follow up ревизија за спроведување на препораките за секоја извршена ревизија одделно, согласно планот за примена на препораките.

1. Ревизија на системот на внатрешни контроли на процесот за матична евиденција на стаж за осигуреници кои се корисници на пензија со стаж од земјоделска дејност во ФПИОМ.

2. Ревизија на системот на внатрешни контроли на процесот за прием во задолжително социјално осигурување и плаќање на социјални придонеси за лица кои склучиле договори по основ на овој закон.

3. Ревизија на усогласеност на воспоставената процедура за ревизија на решенија со кои се утврдуваат права од ПИО, со измените во Законот за ПИО.

4. Ревизија на усогласеност на процесот за водење на матична евиденција на осигурениците, корисниците на права од ПИО и обврзниците за пресметка и уплата на придонесот од ПИО со законските одредби, во Филијала Прилеп, Филијала Куманово и Деловница Крушево.

## 4. Буџетска контрола

Одделението за буџетска контрола е во рамките на Секторот за финансиски прашања, формирано врз основа на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Во 2015 година, Одделението за буџетска контрола, во целост ги реализираше сите зацртани задачи предвидени со Програмата за работа и Планот за извршување на финансиски контроли во Фондот на ПИОМ.

Во текот на 2015 година редовно вршеше контроли, и тоа:

- Ех-анте и Ех-пост контрола на сите склучени финансиски договори на Фондот со другите институци и ја следеше нивната реализација;

- Контроли на сите влезни фактури пред да се изврши исплатата;

- Контроли во делот на финансиското работење на некои одделенија, каде се констатирани процедурални пропусти, кои веднаш се отстранети;

- Внатрешна распределба на Буџетот, согласно ЗЈВФК;

-Изготвување на извештаите и Изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли од Годишниот финансиски извештај;

- Изработка на Стратешки план за спроведување на финансиското управување и контрола;

- Изработка на План за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола (Методологија за спроведување на планот);

- Редовна контрола на патните и дневните расходи;

-Редовно полугодишно усогласување на базата на корисниците на пензии на ФПИОМ со базата на МВР и УВМК и информирање на Владата на Република Македонија за утврдената состојба;

- Размена на податоци за статусот на пензионери со фондовите за пензиско осигурување од поранешните ЈУ-републики;

Одделението за буџетска контрола во текот на 2015 год., активно учествуваше во изготвувањето на пишаните процедури во Секторот за финансиски прашања, учествуваше во спроведување на препораките за имплементирање и одржување на ISO 9001:2008 стандардот.

Во 2015 година, Одделението изврши контрола на процесот на исплата на материјални трошоци, при што, беа констатирани наоди и дадени се препораки. Дел од наодите и препораките се однесуваа на подобрување на процесот на исплата на материјалните трошоци, а дел на утврдените неусогласености.

Исто така, беше извршена контрола на времени инвалидски пензии по извршен задолжителен контролен предмет, при што, беа констатирани 10 наоди и дадени 10 препораки.

Следна активност беше доставување на ЦД со податоци за сите корисници на пензии до Министерството за внатрешни работи, со цел утврдување на нивниот статус. Притоа е констатирано дека податоците од двете институции не се совпаднаа во целост. Заради утврдување на точниот статус кај оние податоци кои не се совпаѓаа, се изврши дополнително усогласување со УВМК. Онаму каде што се утврди дека пензионерот е починат, даден е налог до Одделението за исплата на пензии за исклучување од исплата.

Одделението за буџетска контрола препорачува:

- Да се почитуваат пишаните процедури од страна на надлежните во секторите и одделенијата и редовно ажурирање согласно промените и новините во работењето;

- Да се продолжи соработката со УВМК и МВР и да се постапува по нивните информации за починати корисници на пензии;

- Фондот на пензиско и инвалидско осигурување да склучи договори со сите банки, во кои ќе се предвиди банките да доставуваат податоци за нивните клиенти, корисници на пензија, кои повеќе од шест месеци немале извршено никаква трансакција, за да може потоа Фондот да изврши проверка.

## 5. Јавни набавки

Во 2015 година, во Фондот, јавните набавки беа спроведени согласно Законот за јавни набавки со примена на електронски систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk).

Со Годишниот план за јавни набавки на Фондот во 2015 година беа планирани повеќе набавки, и тоа: набавка на стоки, услуги и работи.

Постапките за доделување на договори за јавни набавки беа водени со: **постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас (м)** кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ е до 5.000 евра во денарска противвредност за стоки, услуги и работи, **постапка со барање за прибирање на понуди со објава на оглас** кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра без ДДВ во денарска противредност, а за работи до 50.000 евра без ДДВ во денарска противвредност, **отворена постапка** ако вредноста на договорот за јавна набавка изнесувала 130.000 евра, (односно 200.000 евра за одредени работи) во денарска протвредност за стоки и услуги и 4.000.000 евра во денарска противвредност за работи без вклучен ДДВ и **постапка во категоријата Други огласи**.

Фондот како договорен орган согласно измените на Законот за јавни набавки спроведуваше анализа на пазарот со производителите, или економските оператори во земјата и во странство кои можат да ги исполнат барањата од техничките спецификации, или критериумите за утврдување на способност за поединечен дел кај постапката, во зависност од правниот основ за барање согласност од Советот за јавни набавки.

Фондот задолжително бараше согласност од Советот пред да го објави огласот за јавна набавка на стоки, услуги и работи и доставува соодветно образложение за потребата од набавка за која нема најмалку три, четири и пет производители, или економски оператори во Република Македонија и во странство.

До Советот за јавни набавки од Фондот беа доставени **15 барања за добивање согласност** по разни основи предвидени со Законот за јавни набавки. За голем број од нив доби согласност, а во случај на решение без добиена согласност, Фондот постапуваше согласно забелешките и укажувањата од решението на Советот и на стручните лица беа преработувани барањата од техничките спецификации и критериумите за утврдување на способност.

Во 2015 година беа објавени **50 огласи** за доделување на договор за јавна набавка, од кои, **19 огласи** за барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност за стоки, услуги и работи, **8 огласи** за барање за прибирање на понуди со проценета вредност на договорот за јавна набавка за стоки, услуги и работи до 20.000 евра во денарска противвредност, **22 огласи** за отворена постапка кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка за стоки , услуги и работи е под или над 130.000 евра во денарска противвредност и **1 оглас** на Други огласи како "останати" или "неприоритетни услуги", согласно член 17 став 1 алинеја 2 и став 3 од истиот член од Законот за јавни набавки.

Најмногу огласи за доделување на договор се објавени со отворена постапка и со постапка со барање за прибирање на понуди (м).

Договорниот орган ФПИОМ, во 2015 година склучи вкупно **71 договор** за јавни набавки, кои се однесуваат на постапките, и тоа, **35 договори** со отворена постапка, **20 договори** со барање за прибирање на понуди (м), **15 договори** со барање за прибирање на понуди со оглас, и **1 договор** за набавка на услуги од членот 17 став 1 алинеја 2 и став 3 од истиот член од Законот за јавни набавки. Склучените договори за јавни набавки беа објавени на ЕСЈН **https://e-nabavki.gov.mk** и достапни.

Во 2015 година се поништени **6 постапки** за доделување на договор за јавна набавка, поради следното: **не е поднесена ниту една понуда и понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот.**

При спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка со електронски средства (преку ЕСЈН), сите дејствија во постапката се спроведуваа во електронска форма која овозможува поголема конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки.

Во 2015 година беа закажани **50 електронски аукции** и **21 покана за поднесување на конечни цени** кои успешно се спроведени (понудувачите лицитираа со цените) и беше остварена заштеда на средствата, како на цената, така и во трошоците при спроведување на набавките, со што се обезбедува рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Во постапките за јавни набавки од страна на економските оператори беше поднесена само **1 жалба** до Комисијата за јавни набавки при Фондот и истата ја достави до Државната комисија за жалби по јавните набавки и по обжалена постапка е донесено решение за укинување на одлуката за избор и враќање на постапката во фаза на повторна евалуација на понудите.

## 6.Солидарен фонд

Согласно член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на корисникот на пензија, со негова согласност му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во Здружение на пензионери (членарина).

Согласно Одлуката на Регистрираната организација на Сојузот на пензионерите на Македонија за 2015 година, износот за посмртна помош изнесува 120 денари, а за членарина 30 денари месечно.

Посмртната помош за починати корисници на пензија за 2015 година изнесуваше 30.000 денари.

Во 2015 година од корисниците на пензија за Солидарен фонд - посмртна помош се задржани средства во износ од 408.042.330 денари, додека на членовите на семејствата на починатите 13.712 корисници на пензија, се исплатени средства во износ од 417.960.000 денари.

**Табела бр.28:** Движење на издвоените и исплатени средства за Солидарен фонд- посмртна помош на корисниците на пензија по месеци во 2015 година

| Месеци | Корисници на пензија | Солидарен фонд | Починати | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 279.902 | 33.588.240 | 1229 | 36.870.000 |
| Февруари | 279.937 | 33.592.440 | 1120 | 33.600.000 |
| Март | 280.551 | 33.666.120 | 1122 | 33.660.000 |
| Април | 280.844 | 33.701.730 | 1123 | 33.690.000 |
| Мај | 281.149 | 34.010.520 | 1134 | 34.020.000 |
| Јуни | 281.547 | 34.100.880 | 1137 | 34.110.000 |
| Јули | 281.379 | 34.057.200 | 1136 | 34.080.000 |
| Август | 281.860 | 34.099.920 | 1137 | 34.110.000 |
| Септември | 282387 | 34.181.400 | 1139 | 34.170.000 |
| Октомври | 282.784 | 34.245.360 | 1142 | 34.260.000 |
| Ноември | 283.353 | 34.356.000 | 1145 | 34.350.000 |
| Декември | 283.955 | 34.442.520 | 1148 | 34.440.000 |
| **Вкупно** | | **408.042.330** | **13.712** | **417.960.000.** |

Издвоените средства за посмртна помош во износ од 408.042.330 денари во однос на исплатените средства во износ од 417.960.000 денари, покажува дека исплатените средства за 2015 година не се целосно покриени со издвоените средства за оваа намена, а се користени средства од салдото на средствата на 31.12.2014 година.

Во период од 2010 до 2015 година издвоените и исплатени средства за посмртна помош изнесуваат, и тоа:

Табела бр.29:

| Година | Корисници просек | Издвоени средства | Починати корисници | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 262.370 | 377.910.674 | 12.617 | 378.501.162 |
| 2011 | 262.179 | 377.587.680 | 13.112 | 393.360.000 |
| 2012 | 265.764 | 382.711.152 | 13.219 | 396.570.000 |
| 2013 | 272.243 | 392.031.120 | 13.374 | 401.220.000 |
| 2014 | 277.609 | 399.757.920 | 13.378 | 401.340.000 |
| 2015 | 281.637 | 408.042.330 | 13.712 | 417.960.000 |

Бројот на починатите корисници на пензија во 2015 година изнесува 13.712 корисници, а во 2010 година изнесува 12.617 починати. Во однос на 2010, бројот на починати корисници во 2015 година е зголемен за 1095, а во споредба со 2012 година за 495 корисници. Во 2015 година бројот на починатите корисници на пензија изнесува 13.712 корисници, или месечен просек од 1142.

Движењето по месеци на починатите корисници на пензија е прикажано во следната табела:

**Табела бр30**: Број на починати корисниците на пензија во 2015 година по месеци

| Месеци | Починати корисници |
|---|---|
| Јануари | 1229 |
| Февруари | 1120 |
| Март | 1122 |
| Април | 1123 |
| Мај | 1134 |
| Јуни | 1137 |
| Јули | 1136 |
| Август | 1137 |
| Септември | 1139 |
| Октомври | 1142 |
| Ноември | 1145 |
| Декември | 1148 |
| **Вкупно** | **13.712** |

## 10. Информатички систем

**Апликативен софтвер** - во текот на извештајната 2015 година, континуирано се работеше на одржување, усовршување и доградување на сите постоечки линии апликативни решенија за поддршка на деловните процеси :

1. Во делот на регистрација на обврзници и осигуреници

- Редовни измени и дополнување на софрверот за регистрација на обврзниците и осигурениците согласно законските промени, одлуки на Владата на РМ, или други барања.
- Обезбедување дневна ажурност на Регистерот на обврзници и осигуреници (М11/1, М11/2 пријавите за обврзниците добиени од УЈП, М1/М2/М3 пријавите за осигурениците преземени од порталот на АВРМ).
- Автоматско масовно генерирање и утврдување на годишни податоци за утврден стаж и остварени плати и надоместоци (годишни М4, М6, М8, М10 пријави), врз основа на месечните податоци за пресметани и исплатени плати и придонеси од 2006 до 2014 години.
- Активности кои произлегуваат од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување на РМ – Сервисирање на вториот пензиски столб.
- Обезбедување дневна ажурност на Регистерот на членови во приватните пензиски фондови.
- Сервисирање на апликацијата и податоците за осигурениците-членови во приватните пензиски фондови, кои оствариле право на пензија во првиот столб и изготвување извештаи за МАПАС.

2. Во делот на матичната евиденција на корисници на права и исплата:

- Анализа и разрешување на дојавени проблеми од корисници на софтверот од делот за решавања на правата од ПИО и исплати на пензиски примања.
- Обезбедување апликативно решение за спроведување на законските промени во врска со ревизија на пензиските предмети.
- Одржување и доградување на софтверското решение на оракл платформата во делот за матична евиденција на корисниците на права и исплатата на пензиските примања.
- Редовни измени и дополнување на софтверот за корисниците на права и исплата на пензиските примања, согласно законските промени, одлуки на Владата или други барања.
- Проверка и анализа на редовните месечни исплати на пензиските примања на активните корисници.
- Донесување по автоматски пат решенија за остварено прво право на старосна, семејна и инвалидска пензија, право на надоместок за телесно оштетување (Р10/Р11 пријава) по домашни прописи и меѓународни договори за социјално осигурување, како и решенија во обнова на постапка.
- Изготвување ново софтверско решение за потребите на Одделението за странски конвенции за следење на движење на предметите.
- Проверка, анализа и техничка поддршка на деловниот дел во откривање и отстранување на грешки во податоците за исплата на пензии.
- Проверка и анализа на редовните месечни исплати на пензиските примања.
- Одржување на апликативни решенија за сервисирање на исплата на Солидарниот фонд преку Фондот на ПИОМ.

- Обезбедување податоци за размена со надворешни институции (ФЗО, МТСП, Министерство за транспорт и врски, ДЗС, УВМК, МАПАС), врз основа на склучени договори со истите.
- Редовни месечни, квартални, полугодишни и годишни статистички извештаи за корисниците на права и исплата на пензиските примања.
- Апликација за пресметување на персонален данок од пензиските примања за секој корисник на пензија и нивно доставување до УЈП.
- Во текот на 2015 година воведен е нов начин за преземање на уверенија со податоци од матична евиденција по електронски пат, како и поднесување на барање за пензија преку интернет.

### Развој на информацискиот систем

1. Секојдневна активност со која се обезбедуваат редовни распределби на уплатите за придонес кои секојдневно пристигнуваат на мост-сметката со која управува Фондот, преку упарување на податоците за уплатите доставени од Трезор со податоците за платените МПИН пријави, кои ни ги доставува УЈП за извршување на процесот на распределба на уплатите и податоците меѓу ФПИОМ и приватните пензиски фондови, со контрола и потврдување од МАПАС, за потоа да се дистрибуира дел од парите на истуционалната сметка на Фондот, а дел во приватните пензиски фондови. Освен парите, се дистрибуираат и податоците за секое лице.

2. Разрешувањето на проблематичните уплати (неконзистентности), во координација со Одделението за контола на податоците од придонес за ПИО. Податоците за МПИН пријавите сега се контролираат во УЈП и потоа се преземаат од таму.

3. Информатичка поддршка за надминување на проблемите што се јавуваат при генерирање на решенија за обврзници кај кои настанале промени на податоците во системот за наплата на придонес (Модул за увид и контрола).

4. Тековни задачи, одржување на апликациите кои се подоле наброени. Сите овие апликации имаат свои специфичности кои произлегуваат од деловните дефиниции, информатичката технологија и програмското решение и, во целост, за секоја од нив, потребни се повремени или редовни интервенции, надгледување на резултатите, аналитички пристап и повремено вршење на корекции во деловно-апликативните решенија.

5. Обуки и усовршување на вработените. Во рамките на технологиите кои се применуваат, потребни се вештини како од субспецијалистички карактер, така и од општо познавање на различни информатички технологии, посебно веб технологии (HTML, CSS, Java Script). Извршена е еднодневна обука за Оракл АПЕКС алатка.

6. Проект за упатување на бањи од МТСП, проширен и дополнет со опцијата викенд. Апликативна поддршка во сите делови на процесот, при внос на барања, подготвување селекција, известување, исплата на патни трошоци.

7. Апликативен систем договор за дело, законска обврска која беше прилагодувана според законските измени. Сосем нов процес во Фондот, кој во стартот е информатички поддржан.

## 11. Стопанисување со имотот на Фондот

Во 2015 година, Одделението за стопанисување со имотот на Фондот, презеде доста активности во врска со своите надлежности и обврски, согласно Програмата за работа усвоена од Управниот одбор, за непречено и квалитено функционирање на домовите за живеење на корисниците на пензија, стопанисување со станбениот и деловниот простор, извршување на Програмата за реконструкција, адаптација и инвестиционо одржување на објектите на Фондот, како филијалите и Централата, така и дел од пензионерските домови, издавање на објектите за одмор и рекреација на вработените во Фондот, обезбедување на потребната документација за впишување на објектите во сопственост на Фондот во катарската евиденција и добивање на имотни листови.

Фондот стопанисува со 14 од вкупно 37 пензионерски домови, кои располагаат со 383 станбени единици, каде се сместени 450 корисници.

Во 2015 година со Одлука на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/15) разрешен е проблемот околу имотно правните работи со становите во Пензионерскиот дом во Прилеп и на Фондот му е пренесено правото на трајно користење на 8 станови во кои живеат корисници на пензија, а другите станови се даден на трајно користење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката.

Закупнината се наплаќа преку задршка од пензијата, а останатите трошоци (комунални услуги) со помали потешкотии се наплаќаат. Вкупното задолжување за 2015 година изнесува 3.821.081,00 денар, а вкупно се наплатени средства од закупнини од корисниците на пензија во износ од 3.803.611,00 денари, или 99,54 % наплата.

Слободните станбени единици во домовите за живеење на корисниците на пензија се пополнуваат согласно оглас и донесени одлуки од комисиите во филијалите и се склучуваат договори со нови корисници. Домовите редовно се одржуваат и се создадени услови за живеење на корисниците на пензија.

Во 2015 година почнаа да се применуваат измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/14) со кој е предвидено формирање Комисија за сместување на корисниците на пензија во домовите за живеење, составена од претставници на Фондот на ПИОМ, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии, како и користење на електронски софтвер за сместување на корисниците на пензија во домовите.

Со примената и функционирањето на овој електронски софтвер се исклучи можноста за влијание на субјективниот фактор при вселувањето на корисниците на пензија во пензионерските домови, бидејќи ранг листите се јавно објавени на веб

страницата на Фондот и сите баратели за сместување можат да го следат своето напредување на истите.

Фондот располага и со деловен простор во домовите за живеење на корисниците на пензија со површина од 9.132,01 м$^2$, од кој се издадени 8.065,03 м$^2$, а 1.066,98м$^2$ не се издадени. За издавање под закуп на деловниот простор се распишуваат објави за електронско јавно наддавање, а посебна Комисија од Фондот врши избор за издавање на истиот. По донесената одлука за избор, се склучува договор и истиот се издава. Во 2015 година склучени се 3 нови договори за деловен простор.

Во 2015 година, Фондот на име закупнина за деловен простор има фактурирано 12.974.995,00 денари и наплатено 11.023.192,00 денари, или тековната наплата е 84,96% . Во овој период, од вкупно пренесените побарувања од претходен период во износ од 877.7453,00 денари, наплатени се 681.441,00 денар, или 77,66% од пренесените побарувања. Во истиот период е пресметана и задолжена камата за задоцнето плаќање во износ од 108.965,00 денари и наплатени се 33.655,00 денари, или 30,89%.

Фондот редовно праќа опомени до закупците за задоцнети плаќања, со што се спречува доведување до тужби, или раскинување на договорите.

Во 2015 година од издавањето на објектите за одмор и рекреација со кои располага Фондот по поднесените барања, беа реализирани 717 ноќевања од страна на вработените заради подобрените услови во одморалиштата и може да се констатира дека секоја година сѐ поголем број вработени ги користат одморалиштата на Фондот.

Во 2015 година Одделението имаше зголемена активност околу ажурирање на документацијата за упис на имотот на Фондот во Агенцијата за катастар на недвижности. За пензионерските домови постапките се пред завршување, односно за Ѓорче Петров предаден е предметот во Агенција за катастар за упис, а за Гевгелија и Куманово предметите се во фаза на добивање на урбанистичка соглсност и решение за упис. Клубовите за дневен престој се комплетно регулирани со имотно правен статус. Кај објектите на филијалите и деловниците мал проблем претставува што се

во заедничка сопственост со Фондот за здравство и во 2016 година и овие објекти ќе бидат регулирани со имотно правен статус.

## 1. Инвестиции во 2015 година

И во 2015 година извршени се инвестициони активности во рамките на предвидените средства со Буџетот на Фондот за 2015 година, со цел да се подобрат условите за работа на вработените, а во пензионерските домови условите за престој на корисниците на пензија.

- ***Филијали и деловници***

Извршени се повеќе инвестициони зафати во филијалите и деловниците:

Во Централата во Скопје е заменет дел од изолацијата за да се спречи прокиснување на водата во подрумските простории при обилни дождови.

Во Струмица е извршено реновирање на санитарните јазли, со што е овозможено одржување на хигиената како на вработените, така и на просториите.

Во Неготино реновирани се подрумските простории со поставување на соодветна вентилација за да може во подрумот да се смести архивата без оштетување.

Во Велес е извршено преградување на заедничката просторија со ФЗО, со што се овозможува во нашиот дел на површина од околу 100 $м^2$ да се сместат предметите кои сега се по ходниците. Исто така санирани се и санитарните јазли.

Во Демир Хисар е извршено комплетно реновирање на просториите со замена на столаријата, поставување ламинат, санитарниот јазол, молерисување и слично.

Во Тетово е поставена нова влезна врата во објектот, заменети се таванските светилки и извршени молерофарбарски работи.

Исто така, во дел од филијалите и деловниците изработени се пристапни рампи за инвалидизирани лица, а во оние каде што тоа не е возможно поставени се домофони за јавување на инвалидизираните лица до одговорниот службеник за да може службеникот да го услужи лицето без истиот да се качува до службите.

- ***Домови за живеење***

Во домовите за живеење на корисниците на пензија во 2015 година, се продолжи со инвестирање за подобрување на условите за сместување на корисниците на пензија.

Во домовите за живеење на корисници на пензија во Аеродром-Скопје, Автокоманда–Скопје, Чаир–Скопје и во Куманово поставен е ламинат во сите станови, со што се подбрени условите во иститe. Во Куманово, исто така, е извршена замена на столаријата во Клубот на пензионерите.

Со овие инвестициони вложувања, значително се подобрени условите за живеење на корисниците на пензија во пензионерските домови.

Фондот и понатаму ќе продолжи со активностите за инвестирање во домовите согласно потребите и расположливите средства за оваа намена.

## VI. ЗАКЛУЧОК

Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2015 година, системски и комплетно го прикажува остварувањето на сите значајни функции од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување изразени преку бројни статистички и други показатели.

Воведниот дел во скратена форма ги прикажува активностите на Фондот во 2015 година, додека во продолжение на извештајот споредбено и аналитички се прикажани остварените резултати.

Со остварените приходи во 2015 година и пренесените парични средства од 2014 година, Фондот редовно и навремено ги изврши обврските кон корисниците на пензија и другите права од доменот на работата, како и другите обврски.

Фондот, работата во 2015 година ја изврши ефикасно и успешно, што се гледа од деталните податоци за извршените задачи.

Осигурениците и корисниците на пензија непречено ги остваруваа своите права во Фондот во согласност со Законот, Статутот и другите општи акти на Фондот.

Исплатата на пензиите се изврши во воспоставените рокови, а усогласувањето на пензиите согласно донесените законски прописи.

*   *
*

Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 26.04.2016 година, го усвои Извештајот за работа на Фондот на ПИОМ во 2015 година.

В.Д. ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ,

Shaip Zeneli

УПРАВЕН ОДБОР

Јасмина Иванова